СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 79 Год. LXIII Понеделник, 25 јуни 2007 Цена на овој број е 260 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
983.	**Закон** за заштита од бучава во животната средина	2
984.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување	30
985.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост	75
986.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција	76
987.	**Одлука** за одобрување на средства за зголемување на паричниот влог на Република Македонија во Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје	77
988.	**Одлука** за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје	78
989.	**Одлука** за видот на вооружувањето на полицијата и опремата на полициските службеници	78
990.	**Одлука** за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште за гимназиско образование „Прва Приватна Гимназија“ во Битола	79
991.	**Одлука** за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште „Поинт“ во Гостивар	79
992.	**Одлука** за обновување на стоковните резерви на дизел гориво	80
993.	**Одлука** за престанок на правото на користење на недвижен имот-земјиште	80
994.	**Одлука** за одземање на правото на користење на недвижен имот-земјиште	80
995.	**Одлука** за одземање на правото на користење на недвижен имот-земјоделско земјиште	81
996.	**Одлука** за давање согласност на Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на Технолошката индустриска развојна зона	81
997.	**Одлука** за давање согласност на Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на основачот на Технолошката индустриска развојна зона	81
998.	**Одлука** за пренесување на правото на користење на силосите за жито во Прилеп	81
999.	**Решение** за именување на овластен претставник на Република Македонија во Комитетот за финансиски прашања на сукцесијата	81
1000.	**Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 39/2006 од 6 јуни 2007 година	82
1001.	**Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 195/2006 од 6 јуни 2007 година	83
1002.	**Одлука** за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања	85
1003.	**Одлука** за условите и начинот на работа на штедилниците	86

1004. **Одлука** за издавање дозвола и согласност за вршење на услуги брз трансфер на пари и услови за склучување на договор помеѓу давател на услуга брз трансфер на пари и субагент..... **87**
1005. **Одлука** за начинот на водење на евиденцијата за секоја трансакција на брз трансфер на пари..... **90**
1006. **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... **92**
1007. **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија..... **93**
1008. **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија..... **94**
Огласен дел..... 1-48

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

983.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Се прогласува Законот за заштита од бучава во животната средина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јуни 2007 година.

Бр. 07-2788/1
14 јуни 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Предмет на уредување

Со овој закон се уредуваат правата и обврските на Република Македонија, на општината, на градот Скопје, на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со бучавата во животната средина и заштитата од бучавата во животната средина.

Член 2

Цели

Цели на овој закон се:

- создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава,

- преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата,

- преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување,

- отстранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и

- обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура, воздухопловите, опремата што се користи на отворен простор и во индустријата, како и мобилните механички средства за работа.

Член 3

Примена на Законот

Одредбите на овој закон се однесуваат на:

- бучавата во животната средина (во натамошниот текст: бучава) на којашто луѓето се изложени во: агломерација, зона, тивки подрачја во агломерација, тивко подрачје во природа, како и во околина на специфични образовни, здравствени и рекреативни установи и/или подрачја од посебен интерес,

- оцената, управувањето и контролата на бучавата предизвикана од превозни средства во патниот, железничкиот, воздушниот и водниот сообраќај, бучава што се создава во соседството и во отворениот простор, како и бучава во отворениот простор предизвикана од инсталации и индустриски постројки, вклучувајќи ги и категориите на стопански дејности,

- определување на нивото на изложеност на бучава преку евидентирање на бучавата со методи за оцена и изработка на стратешки карти за бучава,

- изготвување на акциони планови за бучава и акустично планирање врз основа на резултатите од мониторингот на бучавата, со цел за спречување и намалување на бучавата каде што е возможно, а особено во случаите кога надминувањето на граничните вредности на бучава, може да предизвика вознемиреност и штетни влијанија врз здравјето на луѓето или да се одржи вредноста на индикаторот на бучава во подрачја во коишто највисоките гранични вредности не се надминати,

- право на обезбедување на пристап и доставување на информации на јавноста за состојбата на бучавата и

- остварување на правата и обврските на: државните органи и единиците на локалната самоуправа, правните и физичките лица и граѓаните за оцената, управувањето и контролата на бучавата во животната средина.

Член 4

Исклучоци

Одредбите на овој закон не се однесуваат за бучава:

- предизвикана од самото изложено лице,

- на работно место и во работна средина,

- која се јавува во внатрешноста на превозните средства и

- која се јавува како резултат на вежбовни активности во воени полигони.

Член 5

Примена на други прописи во управувањето со бучавата

(1) Покрај одредбите од овој закон, на бучавата во животната средина се применуваат и меѓународните договори и конвенции ратификувани од страна на Република Македонија и стандарди во патниот, железничкиот, воздушниот и водниот сообраќај.

(2) За прашањата што не се уредени со овој закон, а се однесуваат на бучавата во животната средина се применуваат одредбите од Законот за животната средина.

Член 6

Субјекти во управувањето со бучавата

Органите на државната управа, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, правните и физички лица се должни да ја спроведуваат утврдената заштита од бучава, како и да го овозможат нејзиното спроведување.

II. ДЕФИНИЦИИ

Член 7

Основни поими и дефиниции

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Агломерација** е дел од територијата на Република Македонија, определена од страна на Владата на Република Македонија, која има население над 100.000 лица и/или густина на населеност поради којашто се смета за урбанизирана област;

2. **Акустично планирање** е контролирање на иднината бучава преку креирање плански мерки, како што се:

- планирање на користењето на земјиштето,
- системски инженеринг и планирање на сообраќајот,
- намалување на бучавата преку мерки за звучна изолација и
- контрола на бучавата на изворите;

3. **Акционен план** за бучава е план изготвен и наменет за управување со проблемите и ефектите поврзани со бучавата, вклучувајќи го намалувањето на бучавата, доколку е неопходно;

4. **Бучава во животната средина** е бучава предизвикана од несакан или штетен надворешен звук создаден од човековите активности којшто е наметнат од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување, вклучувајќи ја и бучавата емитувана од превозни средства, патен, железнички и воздушен сообраќај и од места на индустриска активност, како што се оние дефинирани во Главата 10 од Законот за животната средина која се однесува на интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите коишто влијаат врз животната средина;

5. **Бучава од соседство** е примање на имисија на бучава меѓу соседни места во кои престојуваат или живеат луѓе, која предизвикува непријатност и вознемиреност;

6. **Непријатност од бучава** значи вознемиреност предизвикана од емисија на звук кој е чест и/или долготраен, создаден во определно време и место, а кој ги попречува или влијае на вообичаената активност и работа, концентрација, одморот и спиење на луѓето;

7. **Вознемиреност од бучава** значи степенот на вознемиреност на населението од бучава определена со помош на теренски премери или увиди;

8. **Главен пат**, во смисла на овој закон, е регионален, национален или меѓународен пат определени од страна на Владата на Република Македонија, по коишто минуваат повеќе од 3.000.000 возила годишно или поради нивото на бучава може да придизвика вознемиреност на луѓето;

9. **Главна железничка пруга**, во смисла на овој закон, е железничка пруга определена од страна на Владата на Република Македонија, по којашто минуваат повеќе од 30.000 вагони годишно или поради нивото на бучава може да предизвикаат вознемиреност на луѓето;

10. **Главен аеродром**, во смисла на овој закон, е цивилен аеродром определен од страна на Владата на Република Македонија, по којшто се бележат повеќе од 50.000 движења годишно (под движење се подразбира полетување или слетување), исклучувајќи ги движењата коишто се единствено заради обука на лесни летала или поради нивото на бучава може да придизвика вознемиреност на луѓето;

11. **Гранична вредност** е вредност на $Л_{двн}$ (L_{den}) или на $Л_н$ (L_n), а онаму каде што е соодветно на Лд (Ld) и $Л_в$ (L_e), определена од страна на органите на државната управа, чиешто надминување предизвикува обврска надлежните органи да разгледаат или да применат мерки за ублажување и заштита од бучава. Граничните вредности можат да бидат различни за различни типови на бучава (бучава од патен, железнички, воздушен сообраќај, индустриска бучава итн.), за различни околини и различна чувствителност на бучава на населението. Тие, исто така, можат да бидат различни за постојни состојби и за нови состојби (каде што постои промена на состојбата во однос на изворот на бучавата или користењето на околината);

12. **Градба** како извор на бучава е сî што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со вградените инсталации, односно опрема и градба што не настанала со изградба, доколку со неа се менува намената на земјиштето;

13. **Градежни активности**, како извор на бучава се оние активности кои произлегуваат од градежната опрема која се употребува при изградба, пренамена, реновирање, рушење и/или отстранување на градба или нејзина структура, вклучувајќи ги и активностите поврзани со расчистувањето, ископувањето и/или уредувањето на земјиштето;

14. **Дополнителен индикатор за бучава** е посебен индикатор на бучава со соодветни гранични вредности, кој се применува по потреба;

15. **Емисија на звук** е вкупно ниво на звук, кое изворот го предава во околниот простор;

16. **Емисија на бучава** е вкупно ниво на бучава, кое изворот го предава во околниот простор;

17. **Зона** е дел од територијата на Република Македонија со дефинирани граници, според целите на оценување и управување со бучавата;

18. **Затворено место** за престојување е просторија во становите и јавните градби наменети за престојување на луѓе;

19. **Индикатор за бучава** е физичка скала за опишување на бучавата во животната средина, која е поврзана со штетен ефект;

20. **Извор на бучава** е градба, постројка, опрема, инсталација, уред, средство и апарат кој со работа/дејност или употреба предизвикува постојана или повремена бучава, бучна активност од луѓе и животни, вклучувајќи ги градежните активности, како и други активности од кои се шири и/или врши емисија на звук во средината;

21. **Имисија на звук** е вкупно ниво на звук на местото на приемање, кој го сочинува основното ниво и ниво од одредени извори;

22. **Имисија на бучава** е ниво на бучава на одредено место во надворешната средина, кое е произлезено од емисија на еден или повеќе извори на бучава (во натамошниот текст: ниво на бучава) и се изразува во децибели dB(A);

23. **Инсталација**, како извор на бучава, е техничка единица во која се вршат едно или повеќе дејства во рамките на индустриска или трговска активност/дејност непосредно поврзана со нив и/или се технички поврзани со дејствата што се изведуваат на таа локација, а кои би можеле да имаат ефект врз нивото на бучавата;

24. **Јавност** е едно или повеќе физички или правни лица и во согласност со закон формирани организации и здруженија на граѓани;

25. **Карта на бучава за тековната година** е карта на која се претставени податоците за постоечката состојба на бучавата во тековната година;

26. **Катастар на создавачи на бучава** е квантитативна и квалитативна евиденција на изворите на бучава во кој е вклучена и карта на извори на бучава;

27. **$L_{двн}$** (L_{den}) (индикатор за бучава преку ден-вечер-ноќ) значи индикатор за бучава за општата вознемиреност, поблиску дефиниран во членот 10 од овој закон;

28. **$L_д$** (L) (индикатор за бучава преку ден) значи индикатор за бучава за вознемиреност во текот на денскиот период;

29. **$L_в$** (L_e) (индикатор за бучава во текот на вечерта) значи индикатор за бучава за вознемиреност во текот на вечерниот период;

30. **$L_н$** (L_n) (индикатор за бучава преку ноќ) значи индикатор за бучава за вознемиреност во текот на ноќниот период;

31. **$L_{ек}$** (L_q) (еквивалентно ниво на бучава) е индикатор за бучавата пресметан од измерените нивоа на бучава во еден временски интервал;

32. Метод на оценување е метод употребен за пресметување, предвидување, проценување и мерење на вредноста на индикаторот за бучава и на штетните ефекти поврзани со нив;

33. **Место за престојување** е секој отворен или затворен простор во кој луѓето престојуваат трајно или привремено;

34. **Мониторинг на бучавата** е систематизирано мерење, следење и контрола на состојбите на бучавата во медиумите и областите на животната средина;

35. **Надлежен орган за вршење на стручни работи** за управување со бучавата во областа на животната средина е Управата за животна средина;

36. **Ниво на бучава** претставува вредноста на измереният звучен притисок или интензитет изразена во децибели dB A;

37. **Нанесување на бучава** на карта е претставување на податоци за постојната или за предвидената состојба на бучавата преку индикатор за ниво на бучава со посочување на надминување на која и да било утврдена гранична вредност, бројот на луѓето кои се погодени во определено подрачје или бројот на становите изложени на утврдени вредности на индикатор на ниво на бучава во определено подрачје;

38. **Населено место** во смисла на овој закон претставува подрачје на една или повеќе општини и/или дел од подрачје на од општина определено од страна на Владата на Република Македонија, во кое поради густината на населеност се смета за урбанизирана област и поради нивото на бучава што постои во него, потребно е да се преземат мерки за намалување на бучавата во животната средина;

39. **Оценување** е метод употребен за пресметување, предвидување, проценување и мерење на вредноста на индикаторот за бучава во животната средина или на односните штетни ефекти;

40. **Однос доза-ефект** е однос меѓу вредноста на индикаторот за бучава и штетниот ефект;

41. **Отворено место за престојување** е секое место на кое престојуваат луѓе заради одмор, забава или рекреација;

42. **Основно ниво на бучава** е ниво на бучава кога одреден испитуван извор на бучава не работи;

43. **Опрема**, како извор на бучава, се поединечни уреди, процесни инсталации и други производи од кои се состои постројката или самостојно се вградени и/или внесени во градбата со кои се вршат активности и/или служат за вршење на технолошки или друг процес;

44. **Постројка**, како извор на бучава, е збир на поврзана опрема која служи за остварување на технолошкиот или друг процес согласно со намената на градбата;

45. **Подрачје од посебен интерес** е заштитено подрачје утврдено со закон;

46. **Превозни средства**, како извори на бучава, се сите средства за превоз на луѓе, стока, производи и слично, кои се учесници во патниот, железничкиот, воздушниот и водниот сообраќај;

47. **Работен простор**, како извор на бучава, е секој отворен или затворен простор во кој луѓето работат со средства и опрема за работа;

48. **Стратешка карта на бучава** е карта изготвена за глобално оценување на утврдена изложеност на бучава во определено подрачје како резултат од различни извори на бучава и/или за општи предвидувања за тоа подрачје;

49. **Стандарди за заштита од бучава** се стандарди кои треба да ги исполнат објектите, опремата, постројките, инсталациите, апаратите за домаќинство, превозните средства и други уреди и опрема со цел да се обезбеди заштита од бучава;

50. **Соседство** претставува подрачје каде што во непосредна соседна близина постојат места за престојување, вклучувајќи ги станбените згради и индивидуалните куќи;

51. **Стручни работи за заштита од бучава** се работи за спроведување на мерења и оценување на утврдените состојби со бучавата, како и на активности за спречување или намалување и отстранување на опасностите од бучава за животната средина и здравјето на луѓето;

52. **Тивка област** е област, одредена од надлежниот орган, којашто не е изложена на вредност на Lдвн или на друг соодветен индикатор за бучава поголема од определена вредност утврдена од надлежен орган, од кој било извор на бучава;

53. **Тивка област во природа** е област определена од надлежниот орган којашто не е нарушена од бучава од сообраќај, индустрија или рекреативни активности;

54. **Управување со податоци** е собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбите, квалитетот и промените на бучавата;

55. **Физичко лице** е трговец поединец кој согласно со Законот за трговските друштва е запишан во трговскиот регистар за вршење на соодветна дејност, како и секој граѓанин, занаетчија и земјоделец и други вршители на професионална дејност;

56. **Штетни ефекти** се негативни ефекти врз здравјето на луѓето и

57. **Надворешна средина** е простор околу изворот на бучавата каде што се мери нивото на бучавата.

III. ИЗВОРИ НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 8

Општи извори на бучава во животната средина

(1) Како општи извори на бучава во животната средина согласно со овој закон се:

- индустриска, стопанска, занаетчиска или друга производна постројка или инсталација, како и друга опрема,
- градежни активности,
- главен пат-патна, прекуводна и железничка инфраструктура,
- аеродром или хелидром место за полетување и слетување,
- полигон за потребите на заштита и спасување,
- улична инфраструктура,
- затворен (во објект) или отворен паркинг,
- градби за домување и престојување на луѓе (соседство),
- градби за спортски или други јавни приредби,
- објект во кој се употребуваат звучни уреди,
- апарати за домаќинството,
- автодроми, забавни паркови, спортски стрелишта, крајбрежни рекреативни локации и слични постројки за забава,
- отворено или прекриено градилиште и
- како и други извори на бучава од кои се создава бучава поголема од пропишаната.

(2) Како општ извор на бучава се смета и изведување на јавна приредба, јавен собир и секаква употреба на звучна и друга опрема, која предизвикува бучава, ако активноста се одвива на јавно место, на отворен простор или во градба која не е наменета за таква дејност.

IV. ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА НИВО НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 9

(1) Забрането е емитирање на бучава во животната средина која е над пропишаните гранични вредности.

(2) За избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти врз човековото здравје и врз животната средина, се пропишуваат гранични вредности на ниво на бучава кои се однесуваат за ограничување на нивоата на сите извори на бучава, вклучувајќи ги временскиот период, местоположбата на изворот и видовите на подрачјата и областите во кои се создава бучава.

(3) Граничните вредности на бучавата од ставот (2) на овој член се изразуваат со помош на индикатори за бучава во животната средина согласно со овој закон.

(4) Граничните вредности на нивото на бучава од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи.

V. ИНДИКАТОРИ ЗА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 10

Индикатори за бучава во животната средина

(1) Индикаторите за бучава се користат со цел да се утврдат стандардите за заштита од бучава и нивото на бучава во животната средина, односно граничните вредности на бучавата во животната средина, процена и предвидување на состојбата со бучавата, изработка на стратешки карти на бучава и планирање на мерки за заштита од бучава.

(2) Индикатори на бучава, во смисла на овој закон, се:

1) индикатор на вкупна изложеност на бучава (целодневна бучава) во животната средина;

2) индикатор за изложеност на бучава во текот на ноќта;

3) индикатор за изложеност на бучава во текот на денот;

4) индикатор за изложеност на бучава во текот на вечерта и

5) дополнителни индикатори за бучава.

(3) Интензитетот на целодневната бучава се определува со изразот:

$$L_{dvn} = 10 * \lg \frac{1}{24}(12 * 10^{\frac{L_d}{10}} + 4 * 10^{\frac{L_v+5}{10}} + 8 * 10^{\frac{L_n+10}{10}}).$$

(4) Примената на индикаторите за бучава, дополнителните индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикатори за бучава во животната средина ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

VI. УПРАВУВАЊЕ СО БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 11

Управување со бучава

Управувањето со бучавата се врши преку:

1) методи на оценување со индикатори за бучава;

2) методи на оценување за штетни ефекти;

3) донесување и спроведување на плански документи, како и

4) преземање на мерки за заштита од бучава во животната средина.

1. МЕТОДИ НА ОЦЕНУВАЊЕ СО ИНДИКАТОРИ НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 12

Мерење и пресметување

Вредностите на индикаторите на бучава во животната средина можат да се определат со мерење (на местото на оценувањето) и со пресметување.

2. МЕТОДИ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ШТЕТНИ ЕФЕКТИ

Член 13

Оценување на штетни ефекти

(1) Штетните ефекти од бучавата врз здравјето на луѓето се оценуваат со помош на односот доза-ефект. Односите доза - ефект се определуваат како однос меѓу Ldvn и вознемиреноста и однос меѓу Ln и нарушеноста на сонот.

(2) Методите на оценување на штетни ефекти од бучавата врз здравјето на луѓето ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Проценатa на штетните ефекти врз здравјето на луѓето при зголемено ниво на бучава ја вршат надлежните здравствени установи.

3. ДОНЕСУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Член 14

Плански документи

(1) Заради реализирање на поставените цели согласно со овој закон, како и заради нивно планирање се изработуваат:

- стратешки карти за бучава и
- акциони планови за бучава.

(2) Стратешките карти за бучава од ставот (1) алинеја 1 на овој член се јавуваат како:

1) стратешки карти за бучава за агломерации;

2) стратешки карти за бучава за главни патишта;

3) стратешки карти за бучава за главни железнички пруги;

4) стратешки карти за бучава за главни аеродроми;

5) стратешки карти за бучава за населени места и

6) стратешки карти за бучава за подрачја од посебен интерес кои не припаѓаат во утврдената агломерација.

Член 15

Стратешко нанесување на бучавата во животната средина на карта

(1) Стратешките карти за бучава задолжително се изработуваат за сите агломерации, главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми на територијата на Република Македонија. Стратешките карти за бучава за населени места и подрачја од посебен интерес се изработуваат по потреба врз основа на одлука донесена од правното лице кое управува со подрачјето.

(2) За изработка, донесување, користење и чување на стратешки карти за бучава се надлежни:

- советот на општините и на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје - за агломерации и за населени места,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за - главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми и

- правното лице кое управува со подрачјето од посебен интерес за стратешката карта за бучава за подрачје од посебен интерес.

(3) Органите и правното лице од ставот (2) на овој член, другите органи на државната управа, како и правните и физички лица од подрачјата за кои се опфатени во стратешките карти за бучава, се должни меѓусебно да соработуваат и да разменуваат податоци и информации заради изработката на стратешките карти за бучава.

(4) Стратешките карти за бучава особено содржат текст, графички приказ и прилози за:

- претходна, постојна и очекувана состојба на бучава, определена врз основа на вредностите на индикаторите за бучава;

- надминување на граничните вредности на индикаторите за бучава;

- проценет број на станови, детски, образовни и здравствени установи во определено подрачје, коишто се изложени на зголемени вредности на индикаторите на бучава и

- проценет број на луѓето кои живеат во подрачјето изложено на бучава.

(5) Органите и правните лица надлежни за изработка на стратешките карти за бучава од ставот (2) на овој член, при нанесувањето на бучавата на стратешката карта за територија во близина на меѓународна граница се должни да соработуваат со органите надлежните за донесување на стратешките карти за бучава од соседната држава.

(6) Начинот на соработката на органите надлежни за изработка на стратешки карти за бучава со органите надлежни за донесување на стратешки карти за бучава од соседната држава го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешни работи.

(7) Со стратешките карти за бучава се определуваат приоритетните подрачја во коишто е забележано надминување на вредностите на определен индикатор, а кој може да предизвика штетно дејство врз здравјето на луѓето, и за коишто треба да се подготвуваат акциони планови за бучава.

(8) Стратешките карти за бучава се изработуваат, за период од пет години и се ревидираат на секоја петта година.

(9) Градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје, односно органот надлежен за подрачјето од посебен интерес, се должни да ги достават на одобрување стратешките карти за бучава до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на нивното изработување. Стратешките карти за бучава кои се однесуваат на главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми на територијата на Република Македонија, се одобруваат од страна на Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(10) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ги собира, чува и евидентира одобрените стратешките карти за бучава.

(11) Поблиската содржина на стратешките карти на бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на стратешките карти за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(12) Податоците од стратешките карти за бучава задолжително се користат при изработката на просторните и урбанистичките планови.

Член 16

Определување на објектите за изработка на стратешки карти за бучава

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги пропишува агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава, како и надлежната општина за изработка на стратешката карта за бучава во случај кога агломерацијата опфаќа подрачја на повеќе општини и начинот на нивната соработка и организација.

(2) Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги пропишува населените места и подрачја од посебен интерес кои не припаѓаат во утврдената агломерација за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава.

Член 17

Акциони планови за бучава во животната средина

(1) Врз основа на стратешките карти за бучава се изготвуваат акциони планови за бучава во животната средина.

(2) За изработка, донесување, користење и чување на акционите планови за бучава надлежни се:

- советот на општините, односно Советот на градот Скопје на предлог на градоначалниците на општините, односно градоначалникот на градот Скопје - за агломерации и за населени места;

- министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за - главни патишта, главни железнички пруги, главни аеродроми и водни пристаништа и

- правното лице кое управува со подрачјето од посебен интерес за стратешката карта за бучава за подрачје од посебен интерес.

(3) Органите од ставот (2) на овој член, другите органи на државната управа, како и правните и физички лица од подрачјата за кои се опфатени во стратешките карти за бучава, се должни меѓусебно да соработуваат и да разменуваат податоци и информации заради изработка на акционите планови за бучава.

(4) Акционите планови за бучава од ставот (1) на овој член особено содржат анализи на постојната состојба со бучавата, процена, предвидувања и мерки за намалување и спречување на бучавата, поврзани со надминување на граничните вредности на определен индикатор на бучава во подрачјата на агломерациите, населените места и подрачја од посебен интерес, и во близина на главните патишта, главните железнички пруги, главните аеродроми на територијата на Република Македонија.

(5) Акционите планови за бучава се изработуваат за период од пет години и се ревидираат на секоја петта година.

(6) Мерките за спречување и намалување на бучавата предвидени во акционите планови за бучава, во определените рокови се остваруваат од страна на надлежните органи, како и на сопствениците и корисниците на објектите и постројките кои се евидентирани како извори на бучава во акционите планови за бучава, вклучувајќи ги и операторите на инсталациите со А и Б интегрирани еколошки дозволи, како и создавачите на бучава евидентирани во катастарот на создавачи на бучава.

(7) Мерките за спречување и намалување на бучавата во отворениот простор произлезени од стопански инсталации и постројки, се регулираат во согласност со

одредбите од Законот за животната средина кои се однесуваат на А интегрирана еколошка дозвола и Б интегрирана еколошка дозвола.

(8) Органите и правните лица надлежни за изработка на акционите планови за бучава се должни да соработуваат со органите надлежни за изработка на акциони планови за бучава од соседната држава.

(9) Начинот на соработката на органите надлежни за изработка на акционите планови за бучава со органите надлежни за изработка на акционите планови за бучава од соседната држава го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешни работи.

(10) Општините и градот Скопје, како и правните лица кои управуваат со подрачјата од посебен интерес, се должни акционите планови за бучава да ги доставуваат на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на нивното изработување. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ги собира, чува и евидентира акционите планови за бучава.

(11) Поблиската содржина на акционите планови за бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на акционите планови за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 18

Учество на јавноста при планирањето на заштитата од бучава во животната средина

(1) При изготвување на акционите планови за бучава надлежните органи организираат јавна расправа на која може да учествуваат сите заинтересирани субјекти: органите на државната управа, правни и физички лица, јавни установи, научни и стручни институции, граѓански здруженија, урбани заедници, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје како и други заинтересирани субјекти.

(2) Надлежните органи за изработка на акционите планови за бучава во животната средина овозможуваат увид на јавноста по Предлогот на акционите планови за бучава во временски период од 30 работни дена, пред одржувањето на јавната расправа. Тие ги информираат субјектите од ставот (1) на овој член преку средствата за јавно информирање преку:

- објава во најмалку еден весник кој се издава на целата територија на Република Македонија и/или
- на друг соодветен начин,

за местото каде што може да се изврши увид во предложените акциони планови за бучава, заедно со информацијата за постапката за учество на јавноста, како и за начинот, местото и датумот за спроведување на јавната расправа.

(3) Надлежните органи за донесување на акционите планови за бучава се должни при изработката на планскиот документ да ги земат предвид мислењата на јавноста добиени согласно со ставот (2) од овој член, за што подготвуваат посебен извештај, кој е составен дел од документацијата за усвојување која се доставува до органот надлежен за нивно усвојување.

(4) Начинот на објавување на информациите и учеството на јавноста во постапката на изготвување на акционите планови за бучава од ставот (1) на овој член и начинот на подготвувањето на извештајот од јавната расправа од ставот (3) на овој член се спроведуваат согласно со одредбите за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од Законот за животната средина.

VII. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 19

Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина

(1) Правните и физички лица се должни да ги преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава,
- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава,
- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведуваат градежни работи, како и да преземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзино доведување во рамките на граничните вредности на ниво на бучава,
- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваааат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството,
- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава,
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување на бучава во животната средина над граничните вредности на ниво на бучава,
- да се воздржуваат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето,
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да преземаат други мерки со цел за заштита од бучава.

(2) Органите на државната управа, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се должни да ги преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да спроведуваат мониторинг на бучавата согласно со програмите за мониторинг на државните и локални мрежи за мониторинг на бучавата во животната средина;
- да преземаат повремено ограничување на емисијата на бучавата од изворите на бучава;
- да ограничат или забранат емисија на звук од изворот што го предава;
- да вршат акустични мерења за проверка и постојан надзор на состојбата со бучавата;
- да применуваат акустични заштитни мерки врз основа на мерење и анализа на бучава на местата на емисија, на патиштата на ширење на бучавата и на местата на имисија на бучава;
- да спроведуваат планирано лоцирање во просторот на изворите на бучава и/или градби, како и да предвидуваат содржини кои треба да бидат заштитени од бучава;
- да го прилагодуваат нивото на бучава предизвикано од други самостојни звучни извори во рамките на утврдените гранични вредности, а во зависност од временскиот период;
- во просторните и урбанистичките планови да обезбедуваат спроведување на мерки и услови за заштита од бучава преку меѓусебен распоред во просторот на инфраструктурата, индустриските, станбените, рекреативните и други објекти и да планираат тивки зони и да утврдуваат посебен режим на користење на тивките зони;

- да ја информираат јавноста за состојбата на бучавата и
- да преземаат други мерки со цел за заштита од бучава.

Член 20

Времетраење на денонoќие

Заштитата од бучава се спроведува денонoќно, при што за потребите на овој закон се смета дека денот трае 12 часа од 7,00 до 19,00 часот, вечерта трае 4 часа од 19,00 до 23,00 часот и нoќта трае 8 часа од 23,00 до 7,00 часот.

Член 21

Забрана за пуштање во промет, користење и производство

(1) Се забранува пуштање во промет, користење и производство на машини, превозни средства, уреди и опрема за работа и производство, како и уреди, средства и апарати за употребување во домаќинството, кои не се прилагодени на пропишаните технички нормативи и стандарди за заштита од бучава кои се однесуваат на граничните вредности на бучава што ја произведуваат под одредени услови на употреба и кои немаат ознака со податоци за јачината на звукот што ја емитираат.

(2) Податоците за јачината на звукот која ја емитираат средствата, уредите, апаратите и опремата од ставот (1) на овој член, треба да бидат означени на производот во согласност со македонските стандарди, како и стандардите и препораките на Европската унија.

Член 22

Содржина за заштита од бучава при планирањето на просторот

(1) Просторните и урбанистичките планови и актите за нивно спроведување, во рамките на содржината за заштита, треба да содржат и заштитни мерки за бучава.

(2) Заштитните мерки за бучава од ставот (1) на овој член кои треба да ги содржат просторните и урбанистичките планови ќе ги пропише министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 23

Стандарди за заштита од бучава при градби

(1) При постапката за издавање одобрение за градба, органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот и градоначалниците на општините и на општините во градот Скопје, се должни да утврдат дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава, и тоа:

- дали нивото на бучава, кое е последица на употреба или работа на извор, нема да ги надмине пропишаните гранични вредности на нивото на емисија на изворот на бучава,
- дали се обезбедени мерките за заштита од бучава, за спречување или намалување на нивото на бучава, како последица од употреба или работа на некој извор на бучава во објектот,
- дали во подрачјата на зголемен патен, железнички, воздушен и/или прекуводен сообраќај нема да се пречекорат граничните вредности на нивоата на бучава, како последица од употреба или работа на изворот на бучава и
- дали се обезбедени други услови и мерки кои се неопходни за заштита од бучава согласно со специфичната намена на објектот и неговата местоположба.

(2) При избор на условите и мерките за заштита од бучава од ставот (1) алинеја 2 на овој член, предност имаат условите и мерките за намалување на емисијата на бучава во нејзиниот извор, во однос на мерките за спречување и ширење на бучавата.

VIII. МОНИТОРИНГ НА БУЧАВАТА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 24

Цели на мониторингот

(1) Мониторингот на состојбата во областа на бучавата (во натамошниот текст: мониторинг) се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) Целта на мониторингот на бучавата е воспоставување на единство и стандарди во создавањето и функционирањето на системите за мониторинг и контрола и одржување на сеопфатна база на податоци потребни за преглед и управување со состојбите со бучавата преку:

- систематско следење, набљудување, мерење и оценување на состојбата со бучавата и влијанието на промените во областа на бучавата,
- идентификација, планирање и распределба на изворите на бучава,
- процена на штетните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина од создадената бучава,
- утврдување и предлагање на мерки за подобрување на состојбите со бучавата и
- користење на други методи за утврдување, оценување и унапредување на состојбата на бучавата, особено со моделирање и идентификацијата на идните проблеми.

Член 25

Мониторинг на бучавата во животната средина

Со мониторинг на бучавата се обезбедуваат следниве податоци:

1) податоци за емисиите на бучава од подвижните извори;
2) податоци за емисиите на бучава од стационарни извори;
3) податоци за утврдено ниво на бучава, на одредени места за престојување;
4) податоци од државни органи, научни и стручни организации и институции и други правни лица кои вршат мерења и следење на состојбата на бучавата од сите извори на бучава;
5) податоци од оценувањето на состојбата на бучавата;
6) податоци за алармирање и мерките за заштита на здравјето на луѓето и за унапредување на состојбите на бучавата и
7) други податоци кои се однесуваат на бучавата.

Член 26

Државна мрежа за мониторинг

(1) За мониторинг на бучавата на територијата на Република Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воспоставува државна мрежа за мониторинг на бучавата (во натамошниот текст: државна мрежа).

(2) Со државната мрежа се обезбедува постојан мониторинг на бучавата која е составен дел од целокупниот мониторинг за животната средина.

(3) Органот на државна управа надлежен за работите од областа животната средина врши следење на состојбата со бучавата преку државната мрежа и управува со државната мрежа, согласно со овој закон и Законот за животната средина.

Член 27

Локални мрежи за мониторинг

За мониторинг на бучавата на подрачјето на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје можат да воспостават локални мрежи за мониторинг по

претходно добиено мислење од надлежениот орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина, а под услови и начин уредени со овој закон и Законот за животната средина.

Член 28

Програми за мониторинг

(1) Министерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на животната средина донесува годишна програма за работа на државната мрежа за мониторингот на бучавата.

(2) Општините и градот Скопје донесуваат годишна програма за работа на локалната мрежа за мониторингот на бучавата, која ја доставуваат на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 29

Мерни станици и мерни места

(1) Мониторингот на состојбата во областа на бучавата се врши преку мерни станици и мерни места, а особено кај:

- градби наменети за воспитување и образование, здравствени установи и простори во агломерациите, индустриските и други подрачја, патишта, аеродроми и железници,
- заштитени подрачја прогласени согласно со Законот за заштита на природата, чувствителни еколошки системи, како и места од културно и природно наследство и
- други подрачја или објекти кои согласно со нивната намена или значење се од важност за утврдување на состојбата со бучавата.

(2) Локациите на мерните станици и мерните места ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работата од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските и органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 30

Методологија за мониторинг

Начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежите, методологијата и начинот за мониторинг, како и условите, начинот и постапката на доставување на информациите и податоците од мониторингот на состојбата во областа на бучавата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските и органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 31

Вршење на мониторинг

(1) Определени стручни работи за мониторинг на бучавата можат да вршат и овластени научни, стручни организации и институции, како и други правни и физички лица под услови и на начин утврдени со овој закон.

(2) За вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучавата, субјектите од ставот (1) на овој член се овластуваат од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, при што особено треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да бидат акредитирани согласно со Законот за акредитација,
- да имаат вработено најмалку едно лице кое има завршено висока стручна подготовка - дипломиран инженер од областа на техничките науки: животната средина, архитектурата, градежништвото, машинството, електро и дипломиран физичар и/или - доктор специјалист по хигиена и/или - здравствена екологија, кое има најмалку три години работно искуство и
- да поседуваат опрема за мерење на бучавата.

(3) Поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат субјектите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Градоначалниците на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, согласно со неговата надлежност, можат мониторингот за подрачјето на својата општина за поединечните извори, да го довери на субјект од ставот (1) на овој член да го врши во негово име и за негова сметка.

(5) Две или повеќе општини и/или градот Скопје можат да основаат заедничка служба која ќе врши мониторинг на подрачјето на општините или градот Скопје, или да го доверат на субјект од ставот (1) на овој член да го вршат мониторингот во нивно име и за нивна сметка, што се уредува со посебен договор.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води евиденција на овластените субјекти од ставот (1) на овој член.

Член 32

Доставување на податоци и информации од мониторингот

(1) Градоначалниците на општините, на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје и други субјекти кои вршат мониторинг на состојбата со бучавата согласно со овој закон, се должни податоците и информациите од мониторингот да ги доставуваат без надоместок до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, согласно со Законот за животната средина.

(5) Во случај на бришење на осудата од ставот (4) точка 3 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик."

Член 17

Во членот 24 став (1) пред зборот "согласност" се додава зборот "претходна".

Член 18

Во членот 27 став (1) по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

"3) лицето повеќе не ги исполнува условите од членот 23 став (4) на овој закон."

Член 19

Во членот 28 ставот (1) се менува и гласи:

"За член на надзорен орган на друштво за осигурување не може да биде именувано лице:

1) кое е член на орган на управување, надзорен орган или прокурист во друго друштво за осигурување или друга финансиска институција со седиште во Република Македонија;

2) кое е член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување или друго лице вработено во Агенцијата;

3) на кое му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

4) на кое му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;

5) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка и

6) кое е поврзано лице со правно лице во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на повеќе од 10% од капиталот или правата на глас во тоа правно лице."

По ставот (1) се додаваат три нови става (2), (3) и (4), кои гласат:

"(2) Забраната од ставот (1) точка 2 на овој член не се однесува на лицата кои се членови на надзорен орган, членови на орган на управување или прокуристи во владејачко друштво за осигурување или друго владејачко друштво во група на друштва за осигурување.

(3) Покрај условите од ставот (1) на овој член најмалку една третина од членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување мораат да бидат независни членови.

(4) Во случај на бришење на осудата од ставот (4) точка 3 на овој член соодветно се применуваат одредбите од Кривичниот законик."

Член 20

Во членот 30 став (3) точка 2 зборовите: "органот на управување" се заменуваат со зборовите: "надзорниот орган".

Член 21

Во членот 31 по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

"(8) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе ја пропише потребната документација која мора да биде доставена кон барањето за добивање на дозвола од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член."

Член 22

Во членот 32 ставот (1) се менува и гласи:

"Основачите на друштвото за осигурување кон барањето за добивање на дозвола за вршење на работи на осигурување се должни да приложат:

1) предлог на статут;

2) план за работа;

3) предлог на акти на деловната политика во однос на класите на осигурување наведени во членот 5 точки 2 и 10 од овој закон со мислење на овластен актуар;

4) доказ дека се уплатени парични средства на име акционерски капитал на засебна привремена сметка кај носител на платен промет;

5) извори на средства за уплата на капиталот;

6) потврда од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки;

7) список на акционери, со наведување на име, презиме и адреса на физичките лица и назив и седиште на правните лица, како и податоци за вкупниот номинален износ на поседувани акции и процент на учество во акционерскиот капитал на друштвото за осигурување;

8) докази во врска со членот 14 од овој закон;

9) список на лица кои се поврзани лица со лицата кои поседуваат квалификувано учество во друштвото за осигурување, со доказ за начинот на поврзаност согласно со членот 16-а од овој закон;

10) за физичките лица кои се предложени за членови на органот на управување и/или надзорниот орган:

- доказ дека се исполнети условите пропишани во членовите 23 и 28 од овој закон и

- доказ дека лицето не подлежи на ограничувањата за избор пропишани согласно овој или други закони, а кои се однесуваат на членови на орган на управување или надзорен орган;

11) предлог на договори за вршење на надворешни активности, ако друштвото за осигурување планира да овласти други субјекти за вршење на надворешни активности;

12) документација врз основа на која може да се констатира дека друштвото за осигурување е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со актот за основање на друштвото за осигурување со податоци за информатичкиот систем и техничката опременост на друштвото за осигурување;

13) елаборат за организација и работа на Службата за внатрешната ревизија и Правила за управување со ризик;

14) име и презиме на овластениот актуар кој ќе врши актуарски работи во друштвото за осигурување со доказ дека се исполнети условите пропишани во членот 110 од овој закон;

15) име и презиме на овластениот ревизор кој ќе биде назначен за внатрешен ревизор во друштвото и

16) програма за имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам."

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Правните лица кои имаат намера да стекнат квалификувано учество во друштво за осигурување, покрај документите, податоците и информациите од ставот 1 на овој член, кон барањето доставуваат и:

- акт за основање и список на членови на органот на управување на правното лице;

- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;

- копија од акционерска книга, односно доказ од друг соодветен јавен регистар и

- ревизорски извештај од овластено друштво за ревизија за последните две деловни години."

Во ставот (2) кој станува став (3) во воведната реченица по зборовите: "покрај документацијата од став (1)" се додаваат зборовите: “и став (2)”.

По ставот (3) кој станува став (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Покрај наведените податоци од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување може да бара и дополнителни документи, податоци и информации и да спроведе интервју со предложените членови на органот на управување и надзорниот орган и со лицата кои имаат намера да се стекнат со квалификувано учество во друштвото за осигурување."

Член 23

Во членот 34 став (1) пред точката 1 се додаваат две нови точки 1 и 2, кои гласат:

“1) барањето не ја содржи комплетната документација;

2) барањето содржи неточни или невистинити податоци;”.

Точките 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9.

Член 24

Во членот 38 став (1) во воведната реченица зборовите: “точката 1” се заменуваат со зборовите: “точката 2”.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Кон Планот за работа друштвото за осигурување е должно за секоја деловна година да донесе акт за управување со ризик согласно со одредбите пропишани во Дел четврти од овој закон и истата да ја достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во рокот утврден во ставот (4) на овој член."

Член 25

Во членот 50 став (1) воведната реченица се менува и гласи: “Ако осигуреникот е физичко лице, друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштво, друштвото за застапување во осигурувањето или застапникот во осигурувањето се должни, при склучување на договорот за осигурување од членот 49 на овој закон, во писмена форма да го известат лицето за следното:”.

Во ставот (1) точка 7 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигурувањето”.

Член 26

Во членот 51 став (1) воведната реченица се менува и гласи: “Во текот на периодот на важење на договорот за осигурување од членот 49 на овој закон, друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштво, друштвото за застапување во осигурувањето или застапникот во осигурувањето се должни да го известат осигуреникот за:”.

Ставот (2) се менува и гласи:

”Во текот на периодот на важење на договорот за осигурување од членот 50 став (2) на овој закон, друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштво, друштвото за застапување во осигурувањето или застапникот во осигурувањето се должни еднаш годишно да ги известат осигурениците за нивното учество во добивката.”

Член 27

Во членот 60 ставот (5) се менува и гласи:

“Покрај одредбите од ставот (1) на овој член, друштвото за осигурување од земја членка може да започне да врши работи на задолжително осигурување на територијата на Република Македонија, доколку до Агенцијата за супервизија на осигурување поднесе документ издаден од страна на Националното биро за осигурување со кој ќе се докаже дека друштвото за осигурување е негов член и дека ги исполнува условите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.”

Член 28

Во членот 61 став (3) бројот ”202” се заменува со броевите ” 204 до 210”.

Во ставот (5) бројот ”216 до 219” се заменува со броевите ”204 до 210”.

Член 29

Во членот 63 став (2) точката 4 се менува и гласи:

"4) филијалата е должна, на територијата на Република Македонија да располага со средства во износ од најмалку една половина од гарантниот фонд од членот 77 став (2) на овој закон, како и на посебна сметка во Народната банка на Република Македонија да депонира парични средства како обезбедување за покривање на обврските што произлегуваат од договорите за осигурување склучени на територијата на Република Македонија и/или за покривање на ризици во Република Македонија и тоа во износ од една четвртина од гарантниот фонд од членот 77 став (2) на овој закон (во натамошниот текст: гарантен депозит)."

Член 30

Во членот 66 став (1) пред зборот “согласност” се додава зборот “претходна”.

Точката 3 се менува и гласи:

“3) вложувања на друштвото за осигурување во акции и удели во друго правно лице кои изнесуваат повеќе од 10% од капиталот на друштвото за осигурување;”.

Во точката 4 зборот “предлог” се заменува со зборовите: “именување на”.

Во точката 5 по зборот “назив” се додаваат зборовите: “и седиште”.

Член 31

Во членот 71 став (1) точката 4 се брише.

Член 32

Во членот 73 став (2) во точката 1 по зборовите: “и други правни лица и” се додаваат зборовите: "при што одделното вложување на друштвото за осигурување во една недвижност не може да биде поголемо од 10% од капиталот на друштвото”.

Член 33

Во членот 74 точка 7 зборовите: “сопствени акции" се заменуваат со зборовите: “максимално покритие".

Член 34

Во членот 77 став (1) зборот "претставува" се заменува со зборовите: “не смее да биде понизок од".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Гарантниот фонд на друштвото за осигурување, покрај одредбите од ставот (1) на член, не смее да биде понизок од:

1) 2.000.000 евра ако друштвото врши работи на осигурување во одделни класи на осигурување во групата на неживотно осигурување;

2) 3.000.000 евра, ако друштвото врши работи на осигурување во сите класи на осигурување во групата на неживотно осигурување, односно во одделни класи на осигурување од членот 5 точки 10, 11, 12, 13, 14 и 15 на овој закон;

3) 3.000.000 евра ако друштвото врши работи на осигурување во една или сите класи на осигурување во групата на осигурување на живот и

4) 4.500.000 евра ако друштвото врши работи на реосигурување.”

Ставовите (3) и (4) се бришат.

Ставот (5) станува став (3).

Член 35

Во членот 80 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Друштвата за осигурување по претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување, покрај одредбите од ставот (1) на овој член, можат да издвојуваат и еквилизациона резерва во однос на оние класи на осигурување кај кои врз основа на статистички податоци може да се очекува значително отстапување во годишниот износ на настанати штети.

(3) По исклучок на ставот (2) од овој член друштвата за осигурување се должни да издвојуваат еквилизациона резерва од ставот (1) на овој член во однос на класата на осигурување од членот 5 точка 14 на овој закон.”

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (4) и (5).

Член 36

По членот 84 се додава нов член 84-а, кој гласи:

“Еквилизациона резерва

Член 84-а

Еквилизациона резерва се издвојува заради израмнување на нерамномерното настанување на штети, односно израмнување на каков било технички дефицит или натпросечен коефициент на штети.“

Член 37

Во членот 88 став (2) по зборот “резерви“ се додаваат зборовите: “и ограничувања кај одделни вложувања“.

Член 38

Во членот 89 став (2) точка 1 по зборовите: “од ист издавач” зборовите: "заеми дадени на еден заемопримач” се бришат.

Член 39

Во членот 100 став (2) пред точката 1 се додава нова точка 1, која гласи:

"1) пресметка на максималното покритие по одделни класи на осигурување;“.

Во точката 1 која станува точка 2 зборовите: “акционерски капитал, резервите на сигурност и очекуваната премија” се заменуваат со зборовите: "пресметките од точката 1 на овој став”.

Во ставот (3) во воведната реченица по зборовите: “ставот (2)” се додаваат зборовите: “точка 1”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Агенцијата за супервизија на осигурување може да пропише посебни услови за реосигурување во класите на задолжително осигурување кои се однесуваат на соодветноста на реосигурителното покритие и рејтингот на друштвото за реосигурување."

Член 40

Во членот 102 став (2) зборовите: “Националното биро за осигурување, по одобрение на Министерството за финансии” се заменуваат со зборовите: “Агенцијата за супервизија на осигурување”.

Член 41

Во членот 104 став (1) воведната реченица се менува и гласи: ”Друштвото за осигурување е должно редовно да врши пресметка и контрола а на квартална основа да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурување за:”.

Во точката 2 точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “со мислење на овластениот актуар;”.

Во точката 3 точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “со мислење на овластениот актуар;”.

По точката 5 се додаваат две нови точки 6 и 7, кои гласат:

"6) видови, вложување и локализација на капиталот;

7) ликвидност на друштвото;"

Точката 6 станува точка 8.

Во ставот (2) зборот “седум” се заменува со зборот “триесет”.

Член 42

По членот 106 се додава нов член 106-а, кој гласи:

“Мерки на супервизорскиот орган

Член 106-а

(1) Во случај кога правата на осигурениците се загрозени, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе побара од друштвото за осигурување да донесе финансиски план со предлог на мерки за наредните три години, кој мора да содржи:

1) пресметка на административните трошоци, односно трошоците за управување како и споредба со тековните општи трошоци и провизии;

2) детална пресметка на приходите и расходите од вршење работи на осигурување;

3) биланс на состојба и биланс на успех;

4) пресметка на потребните финансиски средства потребни за обезбедување на потребното ниво на маргина на солвентност и

5) политика на реосигурување.

(2) Агенцијата ќе му наложи на друштвото за осигурување да го зголеми капиталот над пропишаниот износ со овој закон, доколку оцени дека поради влошување на финансиската состојба на друштвото правата на осигурениците се загрозени. Висината на капиталот се одредува врз база на финансискиот план со предлог на мерки за наредните три деловни години.

(3) Агенцијата ќе му наложи на друштвото за осигурување да изврши намалување на вредноста на средствата на друштвото за осигурување кои се вклучени при пресметката на капиталот на друштвото за осигурување, доколку дошло до промена на пазарната вредност на тие средства.

(4) Агенцијата ќе му наложи на друштвото за осигурување да изврши прилагодување на пресметката на маргината на солвентност на друштво за осигурување за износот на реосигурување, доколку природата или квалитетот на договорот за реосигурување во однос на претходната деловна година значително се промениле или доколку договорите за реосигурување не овозможуваат соодветен пренос на ризикот.

(5) Агенцијата поблиску ќе го пропише начинот на подобра заштита на правата на осигурениците.

(6) Агенцијата не смее да издаде дозвола од членот 42 став (3) на овој закон, како и да поднесе известување од членот 54 став (3) на овој закон, доколку го побарала предлогот на мерките од ставот (1) на овој член.“

Член 43

Во членот 109 став (2) во воведната реченица зборовите: “имаат право” се заменуваат со зборовите: “се должни”.

Член 44

Во членот 110 став (3) зборовите: “издава дозвола” се заменуваат со зборовите: “спроведува обука”.

Член 45

Членот 112 се менува и гласи:

“(1) За добивање дозвола за работа како овластен актуар, лицето мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има високо образование;

2) да има положено стручен испит потребен за работа како овластен актуар;

3) да има најмалку една година работно искуство во областа на осигурувањето или супервизија на осигурувањето;

4) да не му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

5) да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка и

6) да не му е претходно одземена дозволата за работа како овластен актуар.

(2) Покрај одредбите од ставот (1) на овој член, лице кое има положено стручен испит за вршење работи како овластен актуар во странство може да добие дозвола за работа како овластен актуар во Република Македонија, доколку ги исполнува и следниве услови:

1) квалификацијата на лицето да е со стандарди не пониски од стандардите што се бараат согласно со овој закон и

2) лицето успешно да го положи испитот со кој се обезбедува дека тоа лице има адекватно знаење на законите и праксата во Република Македонија потребни за работа како овластен актуар во Република Македонија.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску го пропишува начинот на спроведување на стручниот испит за добивање дозвола за работа, како овластен актуар и го организира спроведувањето на истиот.

(4) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за одземање на дозволата за работа како овластен актуар, доколку:

1) дозволата е добиена со наведување невистинити податоци;

2) лицето повеќе не ги исполнува условите од ставот (1) точки 4 и 5 на овој член и

3) лицето ги прекршило правилата на актуарската професија.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување е должна да ги информира друштвата за осигурување за лицата на кои им е одземена дозволата за работа како овластен актуар.

(6) Супервизија на работењето на овластените актуари врши Агенцијата за супервизија на осигурување. Во врска со супервизијата на работењето на овластените актуари ќе се применуваат одредбите од членовите 159, 160, 165 и 166 на овој закон.”

Член 46

Насловот и членот 113 се менуваат и гласат:

“Назначување на овластени актуари

Член 113

(1) Друштвото за осигурување коешто добило дозвола за вршење на работи на осигурување е должно во рок од два месеца од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар да назначи овластен актуар.

(2) Друштвото за осигурување е должно да ја информира Агенцијата за супервизија на осигурување за овластениот актуар кој го назначило во рок од пет дена од денот на неговото назначување.

(3) Доколку друштвото за осигурување не назначи овластен актуар во рок од два месеца од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар или пак назначи лице кое нема дозвола за работа како овластен актуар од надлежен орган, тогаш Агенцијата за супервизија на осигурување ќе назначи такво лице, при што трошоците за ангажирање на овластениот актуар ќе ги сноси друштвото за осигурување.

(4) Во случај овластениот актуар да престане да врши актуарски работи во некое друштво за осигурување, истиот е должен за тоа да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од пет дена од престанокот.

(5) Доколку овластениот актуар престане да врши актуарски работи во друштво за осигурување, друштвото за осигурување е должно во рок од 30 дена од денот на престанувањето на договорот да назначи ново лице да врши актуарски работи и за тоа да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.”

Член 47

Насловот и членот 115 се менуваат и гласат:

"Отпуштање на овластениот актуар

Член 115

(1) Доколку Агенцијата за супервизија на осигурување донесе решение за одземање на дозволата за работа како овластен актуар или поради настанување на случаите од членот 114 на овој закон или доколку по кој било друг основ престане ангажманот на овластениот актуар во друштвото, друштвото за осигурување е должно да назначи друг овластен актуар во рок од 30 дена.

(2) Доколку друштвото за осигурување не назначи друг овластен актуар во рокот од ставот (1) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде наредба за отстранување на незаконитостите и ќе побара друштвото за осигурување во рок од 30 дена да назначи друг овластен актуар.

(3) Доколку друштвото за осигурување во рокот од ставот (2) на овој член не назначи овластен актуар, Агенцијата за супервизија на осигурување по службена должност ќе назначи овластен актуар, на товар на друштвото за осигурување.

(4) За разрешување на овластениот актуар, друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од осум дена од денот на разрешувањето.”

Член 48

Во членот 122 по зборовите: “меѓународните сметководствени стандарди” се додаваат зборовите: “и меѓународните стандарди за финансиско известување”.

Член 49

Во членот 131 став (1) точката 3 се менува и гласи:

“3) паричните текови и промените во капиталот;”.

По точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:

“7) состојбата и структурата на вложувањата на капиталот;”.

Точките 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат точки 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

Член 50

Насловот на Делот десетти се менува и гласи: “ЗАСТАПУВАЊЕ И ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО”.

Насловот на Главата 1 се менува и гласи: “Застапување во осигурувањето”.

Член 51

Насловот и членот 133 се менуваат и гласат:

"Застапување во осигурувањето

Член 133

(1) Застапување во осигурувањето во смисла на овој закон претставува подготовка и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување основани согласно со овој закон, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за застапување во осигурувањето не се сметаат работите на подготовка и склучување на договори за осигурување, доколку се исполнети сите наведени услови:

1) договорот за осигурување бара познавање само на осигурителното покритие кое се обезбедува со договорот;

2) договорот за осигурување не е договор за осигурување на живот;

3) договорот за осигурување не покрива одговорност како ризик;

4) основната дејност на лицето кое врши подготовка и склучување на договори за осигурување не е застапување во осигурувањето;

5) договорот за осигурувањето е директно поврзан со производот или услугата која ја нуди лицето и истиот покрива:

- ризик од уништување или оштетување на производи или предмети или

- ризик од губење или оштетување на багаж или други ризици поврзани со туристичка услуга договорени преку туристичка агенција и во случаи кога договорот содржи осигурување на живот или одговорност како ризик и истиот се склучува како дополнување на основниот ризик поврзан со туристичката услуга и

6) износот на годишната бруто премија е помал од 500 евра во денарска противвредност и траењето на договорот е помало од пет години.”

Член 52

Насловот и членот 134 се менуваат и гласат:

"Застапник во осигурувањето

Член 134

(1) Застапник во осигурувањето е физичко лице кое има лиценца за застапник во осигурувањето од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Застапникот во осигурувањето врши работи на подготовка и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување основани согласно со овој закон, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат.

(3) Застапникот во осигурувањето може да врши и работи на продолжување и прекинување на договори за осигурување врз основа на согласност на осигурениците.

(4) Застапникот во осигурувањето од ставот (1) на овој член може да врши работи на застапување во осигурувањето само врз основа на работен или друг правен однос (договор за застапување) со друштво за застапување во осигурувањето, односно друг правен однос (договор за застапување) со друштво за осигурување.

(5) Лицата кои вршат работи на подготовка и склучување на договори за осигурување врз основа на редовен работен однос во друштво за осигурување не се сметаат за застапници во осигурувањето согласно со овој закон.

(6) За застапник во осигурувањето се смета и секое лице кое дополнително на својата основна професионална дејност врши работи на застапување во осигурувањето, односно работи на подготовка и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување основани согласно со овој закон, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат.

(7) Лицата кои во контекст на вршење на својата професионална активност даваат информации на клиентите во врска со договори за осигурување при што не вршат работи на подготовка и склучување на договори за осигурување не се сметаат за застапници во осигурувањето.

(8) Застапникот во осигурувањето не смее во свое име и за своја сметка да наплаќа премија или други надоместоци за осигурување од договорувачот на осигурувањето."

Член 53

По членот 134 се додаваат 13 нови члена 134-а, 134-б, 134-в, 134-г, 134-д, 134-ѓ, 134-е, 134-ж, 134-з, 134-ѕ, 134-и, 134-ј и 134-к, кои гласат:

“Друштво за застапување во осигурувањето

Член 134-а

(1) Друштвото за застапување во осигурувањето е правно лице - акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое врши работи на застапување во осигурувањето и кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Друштвото за застапување во осигурувањето не може да биде запишано во Централниот регистар без да добие дозвола од ставот (1) на овој член.

(3) Зборовите "застапување во осигурување”, односно изведени зборови од истите може да ги запише во Централниот регистар и да ги користи во правниот промет исклучиво друштво за застапување во осигурувањето кое има дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(4) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно на видно место во своите деловни простории да го истакне името на друштвото за осигурување кое го застапува.

Обврски на застапникот во осигурувањето и одговорност на друштвата за осигурување

Член 134-б

(1) Друштвото за застапување во осигурувањето, односно застапник во осигурувањето може да врши работи на застапување исклучиво за друштва за осигурување основани согласно со овој закон.

(2) Застапникот во осигурување може да врши само работи за кои е овластен од друштвото за осигурување, односно друштвото за застапување во осигурувањето.

(3) За работењето на застапникот во осигурувањето одговара друштвото за осигурување, односно друштвото за застапување во осигурувањето.

(4) Друштвото за осигурување одговара за работењето на друштвото за застапување во осигурувањето, односно застапникот во осигурувањето во делот на вршењето работи на застапување согласно со склучениот договор за застапување.

(5) Друштвото за застапување во осигурувањето, односно застапникот во осигурувањето одговара за штетата која ќе настане поради лажно претставување, невнимание или непочитување на одредбите од склучениот договор за застапување.

Лиценца за застапник во осигурување

Член 134-в

(1) Застапник во осигурувањето може да биде физичко лице кое има лиценца за застапник во осигурувањето издадена од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде лиценца за застапник во осигурувањето на лицето кое ги исполнува следниве услови:

1) да има положено стручен испит за застапник во осигурувањето;

2) да има најмалку една година искуство од областа на осигурувањето или посредување во осигурувањето;

3) да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;

4) да не му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

5) да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност и

6) да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на лиценцата за застапник во осигурувањето, доколку:

1) лиценцата е добиена со наведување невистинити податоци;

2) лицето повеќе не ги исполнува условите од ставот (2) точки 4 и 5 на овој член;

3) лицето работи спротивно на другите одредби од овој закон и

4) лицето ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на струката.

Барање за добивање лиценца за застапник во осигурувањето

Член 134-г

(1) Барање за добивање лиценца за застапник во осигурувањето се поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) По барањето од ставот (1) на овој член Агенцијата за супервизија на осигурување одлучува со решение со кое се издава лиценца или се одбива барањето.

(3) Барањето кое не ја содржи потребната документација се отфрла со решение.

(4) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску ќе ја пропише потребната документација која се приложува кон барањето за добивање лиценца за застапник во осигурувањето.

Дозвола за вршење работи застапување во осигурувањето

Член 134-д

(1) Друштво за застапување во осигурувањето е правно лице - акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето издадена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за издавање на дозволата за вршење работи на застапување во осигурувањето, доколку се исполнети условите од членовите 134-ѓ и 134-е на овој закон.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на дозволата за вршење дејност на застапување во осигурувањето, доколку:

1) дозволата е добиена со наведување невистинити податоци;

2) друштвото за застапување во осигурувањето повеќе не ги исполнува условите од членовите 134-ѓ и 134-е на овој закон;

3) друштвото работи спротивно на одредбите од овој закон и

4) друштвото ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на дејноста.

(4) Дозволата за вршење работи на застапување во осигурувањето ќе престане да важи, доколку:

1) друштвото за застапување во осигурувањето не започне да врши дејност застапување во осигурувањето во рок од шест месеца од денот на издавањето на дозволата;

2) друштвото за застапување во осигурувањето престане да врши дејност застапување во осигурувањето повеќе од шест месеца и

3) по отворање на стечајна, односно ликвидациона постапка.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение со кое ќе констатира дека дозволата за вршење работи на застапување во осигурување престанала да важи.

Барање за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето

Член 134-ѓ

(1) Барање за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од членот 134-г на овој закон се поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член основачите на друштвото се должни да поднесат:

1) предлог на статут;

2) план за работа;

3) доказ дека се уплатени парични средства на име акционерски капитал на засебна привремена сметка кај носител на платен промет согласно со членот 134-е став (2) од овој закон;

4) извори на средства за уплата на капиталот;

5) потврда од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки;

6) список на акционери, со наведување на име, презиме и адреса на живеење на физичките лица и назив и седиште на правните лица, како и податоци за вкупниот номинален износ на поседувани акции и процент на учество во акционерскиот капитал на друштвото за осигурување;

7) докази во врска со членот 14 од овој закон;

8) предлог на акти на деловната политика од членот 149 на овој закон;

9) документација врз основа на која може да се констатира дека друштвото за застапување во осигурувањето е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со статутот на друштвото;

10) преддоговор или договор за застапување склучен со друштво за осигурување кој мора да содржи одредба за постојан надзор на друштвото за осигурување врз извршувањето на тој договор;

11) преддоговор или договор за осигурување од одговорност согласно со членот 134-е став (5) од овој закон;

12) доказ за непостоење на капитална или управувачка поврзаност со друштва за осигурување, други друштва за застапување во осигурувањето или осигурително брокерски друштва и

13) програма за имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(3) Покрај документацијата од ставот (2) на овој член акционерите - правни лица кон барањето поднесуваат и:

- акт за основање и список на членови на органот на управување на правното лице;
- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;
- копија од акционерска книга, односно доказ од друг соодветен јавен регистар и
- ревизорски извештај од овластено друштво за ревизија за последните две деловни години.

(4) По барањето од ставот (1) на овој член Агенцијата за супервизија на осигурување одлучува со решение со кое се издава дозвола или се одбива барањето.

(5) Барањето кое не ја содржи потребната документација се отфрла со решение.

Услови за добивање дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето

Член 134-е

(1) Друштво за застапување во осигурувањето може да се основа како акционерско друштво со седиште во Република Македонија.

(2) Акционерскиот капитал потребен за основање на друштво за застапување во осигурувањето изнесува 15.000 евра во денарска противвредност по курсот на Народната банка, на денот на уплатата.

(3) И покрај одредбите од ставот (2) на овој член, друштвото за застапување во осигурувањето во текот на целото работење е должно да ја одржува вредноста на акционерскиот капитал на ниво од најмалку 4% од годишната премија за осигурување по реализираните договори за осигурување.

(4) Друштвото за застапување во осигурувањето не смее да биде поврзано лице со друштво за осигурување или друго друштво за застапување во осигурувањето.

(5) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно да ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за застапување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен осигурен случај не смее да биде помал од 250.000 евра и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 евра.

(6) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно да вработи најмалку еден застапник во осигурувањето со полно работно време кој врз основа на договор за вработување ќе биде одговорно лице во друштвото за застапување.

Вршење на работи на застапување во осигурувањето од страна на друштво за застапување во осигурувањето

Член 134-ж

(1) Друштвото за застапување во осигурувањето е должно да врши работи на застапување во осигурувањето како единствена дејност.

(2) Друштвото за застапување во осигурувањето не смее да врши осигурително брокерски работи.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член работи на застапување во осигурувањето може да врши и банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од Народната банка. Народната банка ќе издаде дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето само врз основа на претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(4) Работите на застапување во осигурувањето во банка од ставот (3) на овој член можат да вршат единствено лица кои имаат лиценца за застапник во осигурувањето од членот 134-в на овој закон.

Вршење работи на застапување во осигурувањето во станиците за технички преглед

Член 134-з

(1) Работи на застапување во осигурувањето во станиците за технички преглед на моторни возила може да врши само друштво за застапување во осигурувањето кое има дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење работи на застапување во осигурувањето во станица за технички преглед.

(2) На издавањето дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето во станиците за технички преглед се применуваат одредбите од членовите 134-д до 134- ж на овој закон.

(3) Физичко или правно лице кое е сопственик или има други стварни права врз станицата за технички преглед е должно, под еднакви економски и други услови да им овозможи на друштвата за застапување во осигурувањето кои имаат дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење работи на застапување во осигурувањето во станицата за технички преглед, простор и други услови за вршење работи на застапување во осигурувањето.

(4) Доколку лицето од ставот (3) на овој член не им овозможи простор или други услови за вршење работи на застапување во осигурувањето на друштвата за застапување во осигурувањето согласно со ставот (3) од овој член, или истото применува различни економски и други услови, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе изрече забрана за вршење дејност застапување во осигурувањето во станицата за технички преглед.

(5) Работи на застапување во осигурувањето од ставот (1) на овој член друштвото за застапување во осигурувањето е должно да ги врши под еднакви услови за сите друштва за осигурување.

(6) Друштвото за застапување во осигурувањето од ставот (1) на овој член не смее да наплаќа различна провизија од друштвата за осигурување кои ги застапува ниту при нудење на производите да става во привилегирана состојба едно друштво за осигурување наспроти другите.

(7) На работите на застапување во осигурувањето во станиците за технички преглед не се применува забраната за склучување договори за осигурување за производи на осигурување кои меѓусебно си конкурираат од членот 133 на овој закон.

(8) Работи на застапување во осигурувањето во станица за технички преглед друштвото за застапување во осигурувањето може да врши исклучиво во класата на осигурување наведена во членот 5 точка 10 од овој закон.

(9) Агенцијата за супервизија на осигурување ги пропишува потребните технички, организациски и економски услови за вршење работи на застапување во осигурувањето од ставовите (1) и (3) на овој член.

Друштва за застапување во осигурувањето од земји членки

Член 134-ѕ

(1) Друштво за застапување во осигурувањето од земја членка е правно лице со седиште во земја членка кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од соодветен надлежен орган на таа земја членка.

(2) Друштво за застапување во осигурувањето од земја членка може да врши работи на застапување во осигурувањето во Република Македонија, преку филијали или директно.

(3) Одредбите од членовите 133, 134, 134-а, 134-б, 134-в, 134-г, 134-д, 134-ѓ, 134-е, 134-ж и 134-з на овој закон соодветно се применуваат на друштва за застапување во осигурувањето од ставот (1) на овој член на работите на застапување во осигурувањето кои друштвото ги врши на територијата на Република Македонија.

Започнување со вршење работи на застапување во осигурувањето од друштва за застапување во осигурување од земји членки

Член 134-и

(1) Друштво за застапување во осигурувањето од членот 134-ѕ став (1) на овој закон кое има намера да врши работи на застапување во осигурувањето во Република Македонија е должно за својата намера да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка во која друштвото има седиште.

(2) Надлежниот орган за супервизија од ставот (1) на овој член е должен во рок од еден месец да го поднесе известувањето од ставот (1) на овој член до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) Друштво за застапување во осигурувањето може да почне да врши работи на застапување во осигурувањето во Република Македонија во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од надлежниот орган за супервизија на земјата членка согласно со ставот (2) од овој член.

(4) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на вршење работи на застапување во осигурувањето од страна на застапници во осигурувањето од земји членки кои вршат работи на застапување на територијата на Република Македонија.

(5) Надлежните органи на земјите членки се должни меѓусебно да разменуваат податоци и информации кои се однесуваат на застапниците во осигурувањето и друштвата за застапување во осигурувањето, посебно во случаи кога против нив се одредени мерки поради непочитување на прописите на државата во која вршат работи, односно дејност застапување во осигурувањето.

Вршење работи на застапување во осигурувањето во земји членки на Европската унија

Член 134-ј

(1) Друштво за застапување во осигурувањето кое има дозвола за вршење работи на застапување во осигурувњето може да врши работи на застапување во осигурувањето во земја членка, преку филијала или директно, доколку ги исполнува условите предвидени со прописите на таа земја членка.

(2) Друштво за застапување во осигурувањето кое има намера да започне да врши работи на застапување во осигурувањето во земја членка е должно за својата намера да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) На барање на надлежниот орган на супервизија од земјата членка, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна во рок од еден месец да го поднесе изветувањето од ставот (2) на овој член до надлежниот орган на супервизија на земјата членка и за тоа да го извести друштвото за застапување во осигурувањето.

(4) Друштво за застапување во осигурувањето може да почне да врши работи на застапување во осигурувањето во земјата членка во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од Агенцијата за супервизија на осигурување од ставот (3) на овој член. Друштво за застапување во осигурувањето може веднаш да почне да врши работи на застапување во осигурувањето во земјата членка доколку надлежниот орган на супервизија од земјата членка не побара известување од ставот (2) на овој член.

Одговорности на застапниците во осигурувањето

Член 134-к

Одредбите од членовите 49 до 52 на овој закон соодветно се применуваат и врз работењето на застапниците во осигурувањето."

Член 54

Во членот 135 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за осигурително брокерски работи не се сметаат работите на посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан, доколку се исполнети сите наведени услови:

1) договорот за осигурување бара познавање само на осигурителното покритие кое се обезбедува со договорот;

2) договорот за осигурување не е договор за осигурување на живот;

3) договорот за осигурување не покрива одговорност како ризик;

4) основната дејност на лицето кое врши работи на посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан не е вршење на осигурително брокерски работи;

5) договорот за осигурувањето е директно поврзан со производот или услугата која ја нуди лицето и истиот покрива:

- ризик од уништување или оштетување на производи или предмети или

- ризик од губење или оштетување на багаж или други ризици поврзани со туристичка услуга договорени преку туристичка агенција, и во случаи кога договорот содржи осигурување на живот или одговорност како ризик и истиот се склучува како дополнување на основниот ризик поврзан со туристичката услуга и

6) износ на годишната бруто премија е помал од 500 евра во денарска противвредност и траењето на договорот за осигурување е помало од пет години."

Ставот (2) станува став (3).

Член 55

Во членот 137 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Лицата кои во контекст на вршење на својата професионална активност даваат информации на клиентите во врска со договори за осигурување при што не вршат посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан не се сметаат за осигурителни брокери согласно со овој закон. "

Член 56

Членот 138 се менува и гласи:

“(1) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе издаде лиценца за осигурителен брокер доколку лицето ги исполнува следниве услови:

1) да има положено стручен испит за осигурителен брокер;

2) да има најмалку една година искуство од областа на осигурувањето или посредување во осигурувањето;

3) да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;

4) да не му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

5) да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност и

6) да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на лиценцата за осигурителен брокер, доколку:

1) лиценцата е добиена со наведување невистинити податоци;

2) лицето повеќе не ги исполнува условите од ставот (1) точки 4, 5 и 6 на овој член;

3) лицето работи спротивно на одредбите од овој закон и

4) лицето ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на дејноста."

Член 57

Во членот 139 ставот (2) се менува и гласи:

"Агенцијата за супервизија на осигурување ќе ја пропише потребната документација која мора да биде доставена кон барањето за добивање на лиценца од ставот (1) на овој член."

Член 58

Членот 145 се менува и гласи:

"(1) Осигурително брокерско друштво е правно лице-акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое има дозвола за вршење осигурително брокерски работи од Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение за издавање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи, доколку се исполнети условите од членовите 146, 147, 148, 149,150 и 150-а на овој закон.

(3) Агенцијата за супервизија на осигурувањето ќе донесе решение за одземање на дозволата за вршење на осигурително брокерски работи, доколку:

1) дозволата е добиена со наведување невистинити податоци;

2) осигурително брокерското друштво повеќе не ги исполнува условите од членовите 146, 147, 148, 149, 150 и 150-а на овој закон;

3) друштвото работи спротивно на одредбите од овој закон и

4) друштвото ги прекрши добрите деловни обичаи и правила на дејноста.

(4) Дозволата за вршење осигурително брокерски работи ќе престане да важи, доколку:

1) осигурително брокерското друштво не започне да врши осигурително брокерски работи во рок од шест месеца од денот на издавањето на дозволата;

2) осигурително брокерското друштво престане да врши осигурително брокерски работи повеќе од шест месеца и

3) по отворање на стечајна, односно ликвидациона постапка.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе донесе решение со кое ќе констатира дека дозволата за вршење осигурително брокерски работи престанала да важи."

Член 59

Членот 146 се менува и гласи:

"(1) Барањето за добивање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи се поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член основачите на друштвото се должни да поднесат:

1) предлог на статут;

2) план за работа;

3) доказ дека се уплатени парични средства на име акционерски капитал на засебна привремена сметка кај носител на платен промет согласно со членот 148 од овој закон;

4) извори на средства за уплата на капиталот;

5) потврда од надлежна институција за редовно плаќање на јавните давачки;

6) список на акционери, со наведување на име, презиме и адреса на живеење на физичките лица и назив и седиште на правните лица, како и податоци за вкупниот номинален износ на поседувани акции и процент на учество во акционерскиот капитал на друштвото за осигурување;

7) докази во врска со членот 14 од овој закон;

8) предлог на акти на деловната политика наведени во членот 149 од овој закон;

9) документација врз основа на која може да се констатира дека осигурително брокерското друштво е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со статутот на друштвото;

10) преддоговор или договор за осигурување од одговорност согласно со членот 150 од овој закон;

11) доказ за непостоење на капитална или управувачка поврзаност со друштва за осигурување, друштва за застапување во осигурувањето или други осигурителни брокерски друштва и

12) програма за имплементација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(3) Покрај документацијата од ставот (2) на овој член, акционерите - правни лица кон барањето поднесуваат и:

- акт за основање и список на членови на органот на управување на правното лице;

- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;

- копија од акционерска книга, односно доказ од друг соодветен јавен регистар и

- ревизорски извештај од овластено друштво за ревизија за последните две деловни години."

Член 60

Во членот 148 ставот (3) се менува и гласи:

"Акционерскиот капитал за основање на осигурително брокерско друштво изнесува 50.000 евра во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата."

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Осигурително брокерското друштво, покрај одредбите од ставот (3) на овој член, во текот на целото работење е должно да ја одржува вредноста на акционерскиот капитал на износ од најмалку 4% од реализираната премија за осигурување по сите договори за осигурување за кои посредувало."

Ставот (4) станува став (5).

Член 61

Насловот и членот 149 се менуваат и гласат:

"Акти на деловна политика на осигурително брокерско друштво и друштво за застапување во осигурувањето

Член 149

Акти на деловната политика на осигурителното брокерско друштво и друштво за застапување во осигурувањето се:

- основи на деловната политика;

- тарифа за извршени услуги и

- елаборат со проекција на очекувани деловни резултати за најмалку тригодишен период."

Член 62

По членот 150 се додава нов член 150-а, кој гласи:

"Вршење осигурително брокерски работи во станиците за технички преглед

Член 150-а

Одредбите од членот 134-з на овој закон кои се однесуваат на вршење работи на застапување во осигурувањето во станиците за технички преглед на моторни возила соодветно се применуваат и на вршењето осигурително брокерски работи во станиците за технички преглед."

Член 63

Членот 151 се менува и гласи:

"Осигурителното брокерско друштво и друштвото за застапување во осигурувањето се должни да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување за:

1) промени на податоците внесени во трговскиот регистар;

2) структурата и обемот на осигурително брокерските работи, односно работите на застапување по одделни друштва за осигурување на квартална основа;

3) исполнување на обврските од членовите 134-е ставови (3) и (5), 148 став (4) и 150 на овој закон и

4) правни и економски, односи од членот 141 став (2) на овој закон."

Член 64

Насловот и членот 152 се менуваат и гласат:

"Регистар на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери и осигурителни брокерски друштва

Член 152

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување, во согласност со овој закон, води регистар на:

1) осигурителни брокери и осигурително брокерски друштва овластени за вршење на осигурително брокерски работи на територијата на Република Македонија и

2) застапници во осигурувањето и друштва за застапување во осигурувањето кои имаат лиценца, односно дозвола за вршење работи застапување во осигурувањето.

(2) Секое друштво за осигурување е должно да води регистар на застапници во осигурувањето, односно друштва за застапување во осигурувањето со кои има склучено договор за застапување.

(3) Секое осигурително брокерско друштво е должно да води регистар на осигурителни брокери кои се во работен однос во тоа осигурително брокерско друштво.

(4) Секое друштво за застапување во осигурувњето е должно да води регистар на застапници во осигурувањето кои се во работен или друг правен однос во тоа друштво за застапување.

(5) Регистрите од ставовите (1) до (4) на овој член се јавни."

Член 65

Насловот и членот 153 се менуваат и гласат:

"Супервизија на работењето на застапниците во осигурување, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери и осигурително брокерски друштва

Член 153

(1) Супервизија на работењето на осигурителните брокери, осигурителните брокерски друштва, застапниците во осигурувањето и друштвата за застапување спроведува Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Одредбите од членовите 159, 160, 165 и 166 на овој закон соодветно ќе се применуваат на спроведувањето на супервизијата од ставот (1) на овој член."

Член 66

Насловот и членот 154 се менуваат и гласат:

"Прописи, спроведување обука и испити за осигурителни брокери и застапници во осигурување

Член 154

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување поблиску ги пропишува:

1) условите за стекнување со, и испитување на стручната подготвеност потребна за вршење на осигурително брокерски работи од членот 138 став (1) точка 1 на овој закон;

2) условите за стекнување со и испитување на стручната подготвеност потребна за вршење на работи на застапување во осигурување од членот 134-в став (2) точка 1 на овој закон;

3) прописите за методот на водење на регистарот од членот 152 на овој закон и

4) содржината на извештаите од членот 151 на овој закон, како и крајните рокови и начини на поднесување на истите.

(2) Организирањето на обука и спроведувањето на испити за стручната подготовка на кандидатите за вршење на осигурително брокерски работи и работи на застапување во осигурување, согласно со членовите 138 став (1) точка 1 и 134-в став (2) точка 1 од овој закон, спроведува Агенцијата за супервизија на осигурување или од неа овластен орган."

Член 67

По членот 154 се додаваат два нови члена 154-а и 154-б, кои гласат:

"Обврски за давање информации од страна на застапникот во осигурување и осигурителниот брокер

Член 154-а

(1) Застапникот во осигурувањето, односно осигурителниот брокер е должен пред склучување на договорот за осигурување, како и при продолжување на истиот на осигуреникот да му ги даде следниве информации:

1) име, презиме и адреса;

2) регистарот во кој е пријавен и начинот на негова проверка;

3) друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурителното брокерско друштво во кое работи;

4) дали поседува сам или друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурителното брокерско друштво во кое работи повеќе од 10% од акциите со право на глас во друштвото за осигурување со кое се склучува договорот за осигурување;

5) дали друштвото за осигурување со кое се склучува договорот за осигурување или со него поврзано лице поседува повеќе од 10% од акциите со право на глас во друштвото за застапување во осигурувањето, односно осигурителното брокерско друштво и

6) податоци за можност од вонсудска постапка за решавање на спорови меѓу договорувачите на осигурувањето.

(2) Осигурителниот брокер е должен анализата од членот 140 став (2) на овој закон да ја изготви врз основа на соодветно голем број на договори за осигурување достапни на пазарот кои му овозможуваат давање на препораки согласно со стручни критериуми, со цел договорувачот на осигурувањето преку склучување на договорот да ги оствари своите потреби.

(3) Осигурителниот брокер пред склучување на договорот е должен врз основа на податоци добиени од договорувачи на осигурување, односно осигуреници да ги одреди потребите и желбите како и причините за давање на совет на договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот, а кои се врзани со договорот за осигурување.

Начин на давање информации од страна на застапникот во осигурување и осигурителниот брокер

Член 154-б

(1) Податоците од членот 154-а на овој закон на договорувачот на осигурувањето се даваат:

1) во пишана форма или на друг траен медиум кој е достапен на договорувачот на осигурувањето;

2) на начин кој е разбирлив за договорувачот на осигурувањето и

3) на македонски јазик освен доколку поинаку не е договорено.

(2) По исклучок на ставот (1) од овој член податоците може да се даваат и усно на барање на договорувачот на осигурувањето во случај кога е потребно веднаш да се договори осигурително покритие.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член податоците од ставот (2) на овој член мораат да се дадат непосредно по склучување на договорот за осигурување."

Член 68

Насловот и членот 155 се менуваат и гласат:

"Осигурително брокерски друштва од земји членки

Член 155

(1) Осигурително брокерско друштво од земја членка е правно лице со седиште во земја членка кое има дозвола за вршење на осигурителни брокерски работи од соодветен надлежен орган на таа земја.

(2) Осигурително брокерско друштво од земја членка може да врши осигурителни брокерски работи во Република Македонија, преку филијали или директно.

(3) Одредбите од членовите 135 до 144 и 151 на овој закон соодветно се применуваат на осигурително брокерски друштва од ставот (1) на овој член на осигурителните брокерски работи кои друштвото ги врши на територијата на Република Македонија."

Член 69

Насловот и членот 156 се менуваат и гласат:

"Започнување со вршење осигурително брокерски работи од осигурително брокерски друштва од земји членки

Член 156

(1) Осигурително брокерско друштво од членот 155 став (1) на овој закон кое има намера да врши осигурително брокерски работи на територијата на Република Македонија е должно за својата намера да го извести надлежниот орган за супервизија на земјата членка во која друштвото има седиште.

(2) Надлежниот орган за супервизија од ставот (1) на овој член е должен во рок од еден месец да го поднесе известувањето од ставот (1) на овој член до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) Осигурителното брокерско друштво може да почне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на Република Македонија во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од надлежниот орган за супервизија на земјата членка согласно со ставот (2) од овој член.

(4) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на вршење осигурително брокерски работи од страна на осигурителни брокери - физички лица во Република Македонија.

(5) Надлежните органи на земјите членки се должни меѓусебно да разменуваат податоци и информации кои се однесуваат на осигурителните брокери и осигурителните брокерски друштва, посебно во случаи кога против нив се одредени мерки поради непочитување на прописите на државата во која вршат осигурителни брокерски работи."

Член 70

По членот 156 се додава нов член 156-а, кој гласи:

"Вршење осигурително брокерски работи во земји членки

Член 156-а

(1) Осигурително брокерско друштво кое има дозвола за вршење осигурителни брокерски работи може да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земја членка, преку филијала или директно, доколку ги исполнува условите предвидени со прописите на таа земја членка.

(2) Осигурително брокерско друштво кое има намера да започне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земја членка е должно за својата намера да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) На барање на надлежниот орган на супервизија од земјата членка, Агенцијата за супервизија на осигурување е должна во рок од еден месец да го поднесе известувањето од ставот (2) на овој член до надлежниот орган на супервизија на земјата членка и за тоа да го извести осигурителното брокерско друштво.

(4) Осигурителното брокерско друштво може да почне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земјата членка во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето од Агенцијата за супервизија на осигурување од ставот (3) на овој член. Осигурителното брокерско друштво може веднаш да почне да врши осигурителни брокерски работи на територијата на земјата членка доколку надлежниот орган за супервизија од земјата членка не побара известување од ставот (2) на овој член."

Член 71

По членот 158 се додава нов Дел десетти-а и 20 нови члена 158-а, 158-б, 158-в, 158-г, 158-д, 158-ѓ, 158-е, 158-ж, 158-з, 158-ѕ, 158-и, 158-ј, 158-к, 158-л, 158-љ, 158-м, 158-н, 158-њ, 158-о и 158-п, кои гласат:

"ДЕЛ ДЕСЕТТИ-А

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Глава 1

Статус на Агенцијата за супервизија на осигурувањето

Статус на Агенцијата за супервизија на осигурување

Член 158-а

(1) Агенција за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенција) се основа како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во овој закон.

(2) Агенцијата во рамките на своите надлежности и овластувања се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел за заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување.

(3)Агенцијата стекнува својство на правно лице со упис во регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Македонија.

(4) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(5) Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија.

Надлежности на Агенцијата

Член 158-б

(1) Агенцијата ги има следниве надлежности:

1) спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери, застапниците во осигурувањето и Националното биро за осигурување;

2) издава и одзема дозволи, согласности и лиценци врз основа на овој закон и другите закони во нејзина надлежност;

3) изрекува мерки на супервизија согласно со закон;

4) донесува подзаконски акти од областа на осигурувањето;

5) дава предлози за донесување на закони од областа на осигурувањето до Министерството за финансии;

6) членува во органите на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори и во органите на Европскиот совет на осигурителни супервизори и супервизорски органи на доброволното пензиско осигурување;

7) соработува со други надлежни супервизорски институции на финансискиот пазар во Република Македонија;

8) го поттикнува развојот на осигурувањето во Република Македонија;

9) ја развива свеста на јавноста за улогата на осигурувањето и улогата на супервизијата на осигурувањето и

10) врши други работи согласно со закон.

(2) Подзаконските акти кои ги донесува Агенцијата се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Статут на Агенцијата

Член 158-в

Агенцијата донесува Статут со кој се уредува внатрешната организација, управувањето и раководењето, постапките за донесување на акти, начинот и условите за вработување во Агенцијата, како и други прашања од значење за работењето на Агенцијата.

Одговорност на Агенцијата

Член 158-г

(1) Агенцијата не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во кварталните и годишните извештаи на друштвата за осигурување доставени до Агенцијата и до јавноста.

(2) Членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата не одговараат за штетата што настанала во работењето под услов лицето да дејствувало чесно и совесно.

(3) Штетата предизвикана поради незаконско работење на член на Советот на експерти или лице вработено во Агенцијата се надоместува од средствата на Агенцијата, според општите прописи за надоместок на штета.

(4) Во случај на судски спор во кој е тужен член на Советот на експерти или вработен во Агенцијата поради извршување на неговите службени должности, Агенцијата обезбедува правно застапување и ги покрива трошоците на одбраната.

(5) Ако со правосилна судска пресуда е утврдено дека член на Советот на експерти или вработен во Агенцијата, со умисла или од небрежност извршил повреда на работните задачи:

1) членот на Советот на експерти или вработениот е должен да ѝ ги надомести на Агенцијата трошоците од ставот (4) на овој член и

2) не се применува ставот (3) од овој член, односно членот на Советот на експерти или вработениот се одговорни за настанатата штета.

Глава 2
Органи на Агенцијата

Органи на Агенцијата

Член 158-д

Органи на Агенцијата се Совет на експерти и директор на Агенцијата.

Совет на експерти

Член 158-ѓ

(1) Советот на експерти на Агенцијата е составен од пет члена од кои еден е претседател.

(2) Претседателот и четирите члена на Советот на експерти на Агенцијата ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.

(3) Мандатот на членовите на Советот на експерти е пет години, со можност за уште еден реизбор.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член во првиот мандат на конституирање на Советот на експерти претседателот и еден член се именуваат на пет години, два члена се именуваат на четири години, а еден член се именува на три години. Кој од членовите ќе биде именуван на пет, четири или три години одлучува Собранието на Република Македонија врз основа на предлогот од Владата на Република Македонија од ставот (2) на овој член.

(5) Членовите на Советот на експерти можат да бидат разрешени од страна на Собранието на Република Македонија и пред истекот на мандатот, само во случај на исполнување на најмалку еден од условите предвидени во членот 158-з од овој закон.

(6) Кога некој член на Советот на експерти ќе престане да ја врши должноста пред истекот на мандатот, на негово место се именува друго лице со мандат до истекот на мандатот на членот на кој му престанува вршењето на должноста.

(7) Претседателот и најмалку двајца членови на Советот кои врз основа на предлогот од Владата на Република Македонија од ставот (2) на овој член ги определува Собранието на Република Македонија, се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време и не можат да имаат друга функција и да бидат вработени на друго работно место или да добиваат друг надоместок освен плата и други додатоци на плата, согласно со Законот за работните односи и колективниот договор, како и надоместоци од повремени едукативни и авторски хонорари.

Услови за избор на членовите на Советот на експерти

Член 158-е

(1) За член на Советот на експерти на Агенцијата може да се избере лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да има завршено високо образование и

3) да е признат експерт во областа на осигурувањето, финансиите или трговското право и да има најмалку пет години работно искуство во областа на осигурувањето или финансиите.

(2) За член на Советот на експерти на Агенцијата не може да се именува лице:

1) на кое му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

2) на кое му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;

3) кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа;

4) кое е член на орган на управување, надзорен орган или лице вработено во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

5) кое е акционер во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

6) кое е член на органи на политичка партија и

7) кое е пратеник или лице кое врши друга должност на која е именуван од Владата или Собранието на Република Македонија.

(3) Претседателот и членовите на Советот на експерти се должни својата работа да ја извршуваат професионално и на начин на кој нема да ја доведуваат во прашање независноста и самостојноста на Агенцијата.

(4) Каков било облик на влијание врз работењето на Советот на експерти кој би можел да влијае врз независноста и самостојноста на Агенцијата е забранет.

(5) Вработените во Агенцијата не смеат да бидат членови на органи на друштвата за осигурување или други правни лица врз кои Агенцијата врши супервизија и не смеат да вршат поединечни задачи за тие правни лица.

Права на претседателот, членовите на Советот на експерти, директорот и вработените

Член 158-ж

(1) За време на вршењето на својата должност, претседателот и членовите на Советот на експерти кои се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време, директорот и вработените во Агенцијата имаат право на плата, додатоци на плата и други надоместоци согласно со Законот за работните односи и колективниот договор.

(2) Членовите на Советот на експерти кои не се професионално ангажирани во Агенцијата имаат право на месечен надоместок и надоместок на други трошоци утврдени со Статутот и другите акти на Агенцијата.

(3) Средствата за плата, додатоци на плата, месечен надоместок и другите надоместоци на претседателот и членовите на Советот на експерти, директорот и вработените во Агенцијата се обезбедуваат од средствата на Агенцијата утврдени со годишниот финансиски план и истите мора да се во висина приближна со платите во финансискиот сектор во Република Македонија, вклучувајќи ги платите во друштвата за осигурување.

(4) Претседателот, членовите на Советот на експерти кои се професионално ангажирани во Агенцијата, директорот и вработените во Агенцијата немаат статус на државни службеници.

(5) Претседателот, членовите на Советот на експерти, директорот и вработените во Агенцијата имаат право да вршат стручни и научни работи, како и да учествуваат во работата на стручни или научни здруженија.

(6) Претседателот и членовите на Советот на експерти, директорот и вработените во Агенцијата за време на траењето на нивниот мандат, односно работен однос не смеат да примаат никакви надоместоци или плаќања, да прифаќаат функција или вработување или да даваат какви било услуги на субјектите врз кои спроведуваат супервизија, како и лицата кои со нив се поврзани согласно со овој закон.

Разрешување на членовите на Советот на експерти на Агенцијата

Член 158-з

Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија може пред истекот на мандатот за кој е именуван, да разреши член на Советот на експерти или претседателот на Советот, ако:

1) самиот го побара тоа;

2) ја загуби работната способност;

3) ја прекрши обврската за заштита на доверливите податоци од членот 158-л на овој закон;

4) неоправдано отсуствувал од три седници на Советот последователно или неоправдано отсуствувал вкупно од пет седници во текот на една година и

5) доколку повеќе не ги исполнува условите од членот 158-е ставови (2) и (3) на овој закон.

Надлежности на Советот на експерти

Член 158-ѕ

Советот на експерти на Агенцијата:

1) донесува подзаконски акти согласно со овој закон и други закони;

2) одлучува за издавање или одземање на дозволи, давање или повлекување на согласности, отстранување на незаконитости од спроведени супервизии и други поединечни прашања за кои, согласно со закон, одлуките ги донесува Агенцијата, освен ако поинаку не е пропишано во овој закон;

3) изрекува мерки спрема друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои согласно со закон, супервизија спроведува Агенцијата;

4) презема други мерки за спроведување на овој закон и другите прописи кои се во нејзина надлежност;

5) донесува Статут на Агенцијата;

6) донесува годишна сметка и финансиски план на Агенцијата;

7) донесува Тарифник;

8) донесува извештаи за состојбата на пазарот на осигурување и годишни извештаи за работењето на Агенцијата;

9) донесува годишни планови за работа на Агенцијата и

10) врши други работи утврдени со закон и статут.

Одлучување на Советот на експерти во врска со донесувањето прописи

Член 158-и

(1) Советот на експерти одлучува на седници.

(2) Советот на експерти може да донесува одлуки од негова надлежност доколку на седницата се присутни мнозинството од неговите членови.

(3) Одлуките на Советот на експерти се донесени доколку за истите гласале мнозинство од присутните членови на седницата, со тоа што претседателот и членовите на Советот на експерти не можат да се воздржат од гласање.

Директор на Агенцијата

Член 158-ј

(1) Со Агенцијата раководи директор. Во случај на отсуство или спреченост на директорот, директорот го заменува вработен во Агенцијата именуван од Советот на експерти.

(2) Директорот на Агенцијата:

1) ја претставува и застапува Агенцијата пред трети лица;

2) организира и обезбедува законско извршување на активностите од делокругот на Агенцијата;

3) го организира и раководи со работењето на Агенцијата, се грижи за стручно усовршување на вработените во Агенцијата и за примање и отпуштање од работа на вработените по претходно одобрение од мнозинството на членови на Советот;

4) учествува во работата на седниците на Советот на експерти, поднесува извештаи за активностите на Агенцијата во периодот меѓу две седници, им дава упатства на вработените во Агенцијата и го контролира нивното спроведување;

5) ги потпишува актите и решенијата на Агенцијата, за кои е овластен од Советот на експерти;

6) го контролира спроведувањето на решенијата на Агенцијата и

7) врши други работи предвидени со овој закон, статутот или друг акт на Агенцијата.

Избор и разрешување на директорот

Член 158-к

(1) Директорот на Агенцијата го именува Советот на експерти по пат на јавен конкурс. Мандатот на директорот изнесува пет години со право на уште еден реизбор.

(2) За директор на Агенцијата може да се избере лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да има завршено високо образование и

3) да е признат експерт во областа на осигурувањето, финансиите или трговското право и да има најмалку пет години работно искуство во областа на осигурувањето или финансиите.

(3) За директор на Агенцијата не може да се именува лице:

1) на кое му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

2) на кое му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;

3) кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа;

4) кое е член на орган на управување, надзорен орган или лице вработено во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

5) кое е акционер во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво, друштво за застапување во осигурувањето или друго правно лице над кое супервизија спроведува Агенцијата;

6) кое е член на органи на политичка партија и

7) кое е пратеник или лице кое врши друга должност на која е именуван од Владата или Собранието на Република Македонија.

(4) Директорот на Агенцијата е должен својата работа да ја извршува професионално и на начин на кој нема да ја доведе во прашање независноста и самостојноста на Агенцијата.

(5) Каков било облик на влијание врз работењето на директорот кој би можел да влијае врз независноста и самостојноста на Агенцијата е забранет.

(6) Директорот на Агенцијата не смее да биде член на органи на друштва за осигурување или други правни лица врз кои Агенцијата врши супервизија и не смее да вршат поединечни задачи за тие правни лица.

(7) Директорот на Агенцијата ќе биде разрешен доколку:

- повеќе не ги исполнува условите од ставовите (3), (4), (5) или (6) на овој член;
- самиот го побара тоа;
- ја загуби работната способност и
- ја прекрши обврската за заштита на доверливите податоци од членот 158-л на овој закон.

Заштита на доверливи податоци

Член 158-л

(1) Членовите на Советот на експерти, директорот и вработените во Агенцијата се обврзани да ги чуваат како доверливи податоците кои се однесуваат на субјектите врз кои Агенцијата врши супервизија и другите податоци поврзани со фактите и околностите што ги дознале во текот на извршувањето на својата работа, со исклучок на податоците кои, според одредбите на овој закон, се јавни. Обврската за заштита на доверливи податоци постои и по истекот на нивната функција или вработување.

(2) Податоците добиени во текот на работењето во Агенцијата, може да им бидат обелоденети само на:

1) вработените на Агенцијата и членовите на Советот на експерти заради извршување на нивните службени обврски;

2) други органи надлежни за супервизија на финансиските институции во Република Македонија, под услов Меморандумот за разбирање да овозможува обелоденување на таквите податоци;

3) органи и институции за спроведување на законите;

4) надлежен суд и

5) осигурителни супервизори од други земји согласно со меморандумите за разбирање или меѓународните договори.

Глава 3

Средства за работа
Средства за работа на Агенцијата

Член 158-љ

(1) Работењето на Агенцијата согласно со овој закон, се финансира од надоместоци што Агенцијата ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и другите лица врз кои супервизија спроведува Агенцијата, вклучувајќи ги следниве:

1) годишен надоместок за спроведување супервизија на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурувањето во износ најмногу до 0,8% од вкупната годишна бруто премија на друштвата за осигурување, односно вкупниот годишен приход од провизии на осигурително брокерските друштва и друштва за застапување во осигурувањето ;

2) надоместоци за давање на дозволи за вршење на работи на осигурување и други дозволи од членот 31 на овој закон;

3) надоместоци за давање на дозволи за вршење на осигурителни брокерски работи и работи на застапување во осигурувањето;

4) надоместоци за давање на лиценци за осигурителен брокер и застапник во осигурувањето;

5) надоместоци за давање на дозволи за вршење на работи на овластен актуар;

6) надоместоци за давање на согласности од членот 66 на овој закон;

7) надоместоци за изречени мерки на супервизија и

8) донации, заеми и друга финансиска и техничка помош.

(2) Агенцијата донесува Тарифник со кој се утврдуваат содржината и висината на надоместоците и давачките од ставот (1) на овој член. Тарифникот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(3) Висината на надоместоците утврдени со Тарифникот треба да соодветствува со реалните трошоци потребни за извршување на услугите на Агенцијата.

(4) Агенцијата ќе ги пропише начинот и роковите за уплата на надоместоците од ставот (1) на овој член.

(5) Друштвата за осигурување и другите лица врз кои супервизија спроведува Агенцијата се должни да ги уплаќаат надоместоците од ставот (1) на овој член на посебна сметка на Агенцијата согласно со Тарифникот од ставот (2) на овој член.

(6) Ако друштвото за осигурување не го плати надоместокот во рокот пропишан од Агенцијата, Агенцијата со решение ќе изврши присилна наплата на надоместокот од страна на друштвото за осигурување, согласно со прописите за извршување.

Резервен фонд на Агенцијата

Член 158-м

Доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата оствари вишок приходи над остварените трошоци, остварениот вишок на средства се распределува во резервен фонд на Агенцијата во износ определен со финансискиот план на Агенцијата.

Покривање на загуба

Член 158-н

Доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата направи повеќе трошоци во однос на остварените приходи, недостигот на средства се надоместува од Резервниот фонд на Агенцијата.

Годишна сметка и финансиски план на Агенцијата

Член 158-њ

(1) Советот на експерти е должен најдоцна до 31 март во тековната година да усвои годишна сметка подготвена согласно со меѓународните стандарди за финансиско известување и финансиски план за наредната година.

(2) Пред донесувањето на финансискиот план, работењето на Агенцијата согласно со овој закон се финансира согласно со одлука за привремено финансирање која ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на Советот на експерти.

(3) Годишната сметка на Агенцијата мора да биде ревидирана од страна на овластен независен ревизор.

(4) Агенцијата е должна да ја достави годишната сметка заедно со мислењето и извештајот на овластениот ревизор, како и финансискиот план до Собранието на Република Македонија во рок од десет дена од денот на нивното донесување.

(5) Собранието на Република Македонија ги усвојува годишната сметка и финансискиот план.

Извештај за состојбата на пазарот на осигурување

Член 158-о

(1) Агенцијата подготвува годишен извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување и ги доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член мора да содржи податоци за обемот на извршените работи на осигурување по класи на осигурување.

(3) Агенцијата е должна да го поднесе извештајот од ставот (1) на овој член до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната деловна година.

(4) Агенцијата во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на извештајот од ставот (1) на овој член, истиот го објавува на својата веб страница.

Годишен извештај

Член 158-п

(1) Агенцијата подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член мора да содржи податоци за изречените мерки на супервизија што ги презема Агенцијата во согласност со извршените постапки за супервизија, дадените и одземените дозволи за вршење на работи на осигурување и други дозволи и согласности дадени од Агенцијата, како и податоци за соработката на Агенцијата со други домашни и странски супервизорски органи.

(3) Агенцијата е должна да го поднесе извештајот од ставот (1) на овој член до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година.

(4) Агенцијата во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на извештајот од ставот (1) на овој член, истиот го објавува на својата веб страница."

Член 72

Во членот 160 став (1) точка 2 зборот „годишна" се брише.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Агенцијата може да спроведе супервизија на друштвата за осигурување со или без претходна најава, по своја оцена и како дел од редовното работење на Агенцијата."

Член 73

Членовите 161 и 162 се бришат.

Член 74

Во членот 163 став (1) точката 4 се менува и гласи:

"4) капитални вложувања на друштвото за осигурување кај друго правно лице кои изнесуваат помалку од 10% од капиталот на друштвото за осигурување, како и секое натамошно вложување во тоа правно лице;".

Точката 9 се менува и гласи:

"9) измена на Актите на деловната политика во однос на класите на осигурување наведени во членот 5 точки 2 и 10 од овој закон; ".

Член 75

Во членот 164 по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

"4) посебна управа;".

Член 76

Во членот 165 став (1) по точката 8 се додава нова точка 9, која гласи:

"9) друштвото за осигурување ги прекршува правилата при назначување на овластен актуар;".

Точката 9 станува точка 10.

Член 77

Во членот 167 став (1) по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

"4) ќе ја ограничи висината на ризикот до кој друштвото може да склучува договори за осигурување;".

Точките 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 5, 6, 7, 8 и 9.

Во ставот (2) по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

"3) не ги реосигурува обврските од договорите за осигурување над износот на максимално покритие согласно со членот 99 став (1) од овој закон;".

Точките 3 и 4 стануваат точки 4 и 5.

По точката 4 која станува точка 5 се додава нова точка 6, која гласи:

"6) го вложува капиталот спротивно на членот 73 од овој закон;".

Точките 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат соодветно точки 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

Член 78

По членот 168 се додаваат седум нови члена 168-а, 168-б, 168-в, 168-г, 168-д, 168-ѓ и 168-е, кои гласат:

"Условно одземање на дозволата за вршење работи на осигурување

Член 168-а

(1) Со Решението за одземање на дозвола за вршење работи на осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување може да донесе и одлука дека нема да ја одземе дозволата за вршење работи на осигурување доколку друштвото за осигурување во рокот определен од Агенцијата, кој не може да биде пократок од шест месеца, нема да направи неправилности и незаконитости поради кои се одзема дозволата.

(2) Во случај кога Агенцијата со решението од ставот (1) на овој член ќе одреди условно одземање на дозволата, Агенцијата во решението може да определи и дека ќе ја одземе дозволата за вршење работи на осигурување и во случај кога друштвото за осигурување во определениот рок од ставот (1) на овој член не ги отстрани неправилностите и незаконитостите, односно не ги спроведе дополнителните мерки поради кои е донесено решение за условно одземање на дозволата.

Посебна управа

Член 168-б

(1) Агенцијата ќе донесе одлука за воведување на посебна управа над друштво за осигурување во следниве случаи:

1) ако на друштвото за осигурување му се одредени дополнителни мерки од членот 167 ставови (1) и (3) на овој закон, а друштвото за осигурување во роковите определени од Агенцијата не започнало нивно спроведување, односно не ги спровело;

2) ако друштвото за осигурување, и покрај спроведените дополнителни мерки сепак не го обезбедило потребното ниво на маргина на солвентност согласно со членот 75 или 76 од овој закон и

3) ако натамошното работење на друштвото би можело да ја загрози ликвидноста и солвентноста на друштвото, односно сигурноста на осигурениците.

(2) Со одлуката за воведување на посебна управа Агенцијата ќе одреди рок на траење на посебната управа.

(3) Со одлуката за воведување на посебна управа Агенцијата ќе определи два или повеќе посебни управители како членови на посебната управа на друштвото за осигурување со поединечни надлежности во рамките на посебната управа.

(4) Одлуката за воведување на посебна управа се запишува во Централниот регистар на Република Македонија заедно со соодветната промена на лицата овластени за застапување на друштвото за осигурување.

(5) Предлог за упис на податоците од ставот (4) на овој член во Централниот регистар на Република Македонија се поднесува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката за воведување на посебна управа од страна на Агенцијата. Кон предлогот за упис задолжително се поднесува и одлуката на Агенцијата.

Правни последици на посебна управа

Член 168-в

(1) За време на траење на посебната управа надлежностите на надзорниот одбор ги презема Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) По исклучок на ставот (1) од овој член, Агенцијата има право да им дава на посебните управители упатства кои се задолжителни за управителите.

(3) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на членовите на органот на управување се однесуваат и на посебните управители, освен доколку Агенцијата поинаку не одреди.

(4) Со денот на донесувањето на одлуката за воведување посебна управа над друштво за осигурување, престануваат сите надлежности на органот на управување, надзорниот орган и Собранието, освен надлежностите од членот 168-ѓ на овој закон.

Овластувања за време на траење на посебна управа

Член 168-г

(1) Членовите на органот на управување се должни на посебната управа да и овозможат пристап до целокупната документација на друштвото за осигурување, како и да подготват извештај за примопредавање на работите.

(2) Членовите на органот на управување се должни на посебната управа или на поединечен посебен управител да му ги дадат сите потребни објаснувања, односно дополнителни известувања за работењето на друштвото за осигурување.

(3) Посебниот управител има право да отстрани лице кое му оневозможува спроведување на работењето, а во зависност од околностите може да побара и помош од надлежниот орган за внатрешни работи.

Извештаи на посебната управа

Член 168- д

(1) Посебната управа е должна најмалку еднаш на три месеца да достави до Агенцијата за супервизија на осигурување извештај за финансиската состојба на друштвото за осигрување над кое е воспоставена посебна управа.

(2) Посебната управа е должна во рок од девет месеца од денот на нејзиното именување да достави до Агенцијата извештај за финансиската состојба на друштвото за осигурување над кое е воспоставена посебна управа, заедно со оцена за стабилноста на друштвото и можноста за негово натамошно работење, кој ќе содржи:

1) оцена и последици од преземање на загубите на друштвото од страна на акционерите на друштвото;

2) можност за алокација и дисперзија на останатата загуба на друштвото;

3) непредвидени трошоци кои можат да влијаат на обврските на друштвото;

4) оцена на можните мерки за отстранување на финансиските потешкотии на друштвото, вклучувајќи пренос на договорите за осигурување со процена на трошоците за тој пренос и

5) процена на условите за отворање на ликвидација, односно стечај над друштвото за осигурување.

Зголемување на акционерскиот капитал заради подобрување на финансиската стабилност на друштвото

Член 168-ѓ

(1) Доколку од извештајот на посебната управа Агенцијата процени дека заради обезбедување на потребното ниво на маргина на солвентност, односно заради отстранување на причините за неликвидност, односно несолвентност на друштвото е потребно да се зголеми акционерскиот капитал на друштвото, Агенцијата ќе ѝ наложи на посебната управа да свика Собрание на акционери на кое ќе се предложи донесување на решение за зголемување на акционерскиот капитал.

(2) Посебната управа е должна да свика Собрание на акционери од ставот (1) на овој член во рок од осум дена од денот на примањето на налогот од страна на Агенцијата од ставот (1) на овој член.

(3) Во повикот за одржување на Собрание на акционери акционерите мора да бидат запознаени со правните последици од членот 169 на овој закон.

Процена на резултатите на посебната управа

Член 168-е

(1) Агенцијата е должна да изврши процена на резултатите на посебната управа најмалку еднаш во три месеца.

(2) Агенцијата е должна да ги прифати конечните резултати на посебната управа во рок од три месеца од приемот на извештајот од членот 168-д на овој закон.

(3) Доколку Агенцијата процени дека за време на траење на посебната управа финансиската состојба на друштвото се подобрила до таа мера што друштвото за осигурување го обезбедило потребното ниво на маргина на солвентност од членот 75 или 76 на овој закон, Агенцијата ќе донесе одлука за престанок на посебната управа и отповикување на посебните управители.

(4) Доколку Агенцијата процени дека за време на траење на посебната управа финансиската состојба на друштвото се подобрила и друштвото за осигурување не го обезбедило потребното ниво на маргина на солвентност од членот 75 или 76 на овој закон, Агенцијата ќе донесе одлука за отворање на ликвидација над друштвото за осигурување, односно одлука за утврдување услови за отворање на ликвидација.

(5) Во случај од ставот (4) на овој член Агенцијата може да донесе одлука за продолжување на посебната управа најмногу за уште шест месеца доколку не постојат услови за отворање на стечајна постапка, односно ако Агенцијата процени дека друштвото за осигурување во следните шест месеца ќе го обезбеди потребното ниво на маргина на солвентност.”

Член 79

Во членот 200 став (1) по зборовите: "работи на осигурување" се додаваат зборовите: "работи на застапување во осигурување".

Член 80

Во членот 217 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Решенијата на Агенцијата се конечни."

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

"(3) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор до надлежен суд."

Ставовите (3) и (4) кои стануваат ставови (4) и (5) се бришат.

Во ставот (5) кој станува став (4) зборовите: "најмалку еден дневен весник" се заменуваат со зборовите: "Службен весник на Република Македонија".

Член 81

Во членот 218 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Решенијата на Агенцијата се конечни."

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

"(3) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор до надлежен суд."

Ставовите (3) и (4) се бришат.

Член 82

Во членот 220 зборот "Правилникот" се заменува со зборот "Тарифникот".

Член 83

Во членот 222 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Решението на Агенцијата со кое се одбива барањето е конечно."

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

"(5) Против решението со кое се одбива барањето може да се поведе управен спор пред надлежен суд."

Ставот (5) се брише.

Член 84

Во членот 223 по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

"(8) Решението на Агенцијата со кое се отфрла барањето е конечно."

Ставот (8) кој станува став (9) се менува и гласи:

"(9) Против решението со кое се одбива барањето може да се поведе управен спор пред надлежен суд."

Ставот (9) се брише.

Член 85

Во членот 224 став (4) зборовите: "најмалку еден дневен весник" се заменуваат со зборовите: "Службен весник на Република Македонија".

Член 86

По членот 235 се додаваат три нови члена 235-а, 235-б и 235-в, кои гласат:

"Прекршочен орган

Член 235-а

(1) За прекршоците утврдени во членот 237 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од вработени лица во Агенцијата за супервизија на осигурување кои ги именува Советот на експерти на Агенцијата.

(3) Советот на експерти со подзаконски акт го определува бројот, потребниот степен на стручна подготовка и работно искуство на членовите на Прекршочната комисија.

(4) Членовите на Прекршочната комисија се избираат за времетраење од пет години со право на реизбор.

(5) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.

(6) Прекршочната комисија донесува одлуки за прекршоците од овој закон и за изрекување прекршочни санкции.

(7) Прекршочната комисија донесува Деловник за својата работа кој претходно е одобрен од Советот на експерти на Агенцијата.

(8) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

Работа на Прекршочната комисија

Член 235-б

(1) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;

4) ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело;

5) ако му се утврди трајна неспособност;

6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука;

7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(2) Предлог за разрешување на член на Прекршочната комисија за случаите од ставот (2) точки 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до Советот на експерти на Агенцијата.

(3) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

(4) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(5) Прекршочната комисија одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(6) Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците, изречените прекршочни санкции и донесените одлуки на начин пропишан од Советот на експерти на Агенцијата во согласност со министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од областа на правдата.

(7) Со актот од ставот (6) на овој член се пропишува и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.

(8) Членовите на Прекршочната комисија имаат право на награда за својата работа во Прекршочната комисија што ја определува Советот на експерти на Агенцијата која треба да биде разумна и соодветна на значењето, обемот на работа на членовите и сложеноста на прекршоците.

Посредување

Член 235-в

(1) За прекршоците утврдени во членот 237 од овој закон, овластените лица на Агенцијата за супервизија на осигурување, во рамките на своите овластувања, на

сторителот на прекршокот му нудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

(2) Постапката за посредување се покренува со доставување на понуда од страна на овластено лице на Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од осум дена од денот кога е констатирано сторувањето на прекршокот.

(3) Сторителот на прекршокот е должен во рок од три дена од денот на приемот на понудата од ставот (2) на овој член да даде писмена согласност за покренување на постапка на посредување.

(4) Овластените лица на Агенцијата за супервизија на осигурување за случаите од ставот (3) на овој член составуваат записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

(5) Согласноста за посредувањето треба да се постигне во рок од осум дена од денот кога е започната постапката за посредување.

Обновувањето на дизел горивото од став 1 на овој член извршено со замена не претставува промет.

Член 2

Трошоците за замена на горивото, Бирото за стоковни резерви ќе ги исплати од сметката за самофинансирачки активности.

Член 3

Се задолжува Министерството за финансии – Биро за стоковни резерви да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3708/1
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

993.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Влада на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ-ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

1. На досегашниот корисник РМ Патишта Бунарџик му се одзема правото на користење на недвижен имот земјиште, кое преставува КП: 694; 697 и 698, со површина од вкупно 3 35 60 м2, опишано во Поседовен Лист број 59 за КО Бунарџик, во корист на Република Македонија.

2. На досегашниот корисник РМ (Патишта) Петровец му се одзема правото на користење на недвижен имот земјиште, кое преставува КП 2826 и 2827, со површина од вкупно 96 40 м2, опишано во Поседовен Лист број 248 за КО Илинден, во корист на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-3778/1
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

994.

Врз основа на член 7 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 25/98, 18/99 и 2/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ-ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

На досегашниот корисник ДЗС Илинден АД, од населба Илинден му се одзема правото на користење на недвижен имот земјиште, кое преставува КП: 655; 656; 657 и 658, со површина од вкупно 43 05 25 м2, опишано во Поседовен Лист број 1505 за КО Илинден, во корист на Република Македонија и КП: 6/1; 7;8/1; 9; 681; 682/1; 683/1; 684; 685/1; 685/2; 686/1; 687/1; 688/3; 689/1; 690/1; 691/1; 692/1 и 693, со површина од вкупно 49 91 68 м2, опишано во Поседовен Лист број 54 за КО Бунарџик во корист на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-3778/2
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

995.

Врз основа на член 7 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98, 18/99 и 2/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ-ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

На досегашниот корисник Земјоделски индустриски комбинат Јагода Тетово, од Тетово му се одзема правото на користење на недвижен имот земјиште, сопственост на Р.Македонија кое преставува КП: 1; 2; 3; 4; 5; 6; 7; 8; 9; 10; 11; 13; 14; 15; 16; 17; 18; 19; 20; 21; 22; 23; 24; 25; 26; 120; 121; 122; 123; 124; 125; 126; 127; 128; 129; 130; 131; 133; 135; 136; 137; 138; 139; 141; 142; 144; 145; 146; 147; 148; 149; 150; 151; 152; 153; 154; 155; 156; 157; 158; 159; 161; 162; 163; 164; 165; 166; 167; 168; 169; 170; 309; 310; 312; 313; 314; 316; 317; 727; 728; 729; 730; 731; 733; 734; 735; 736; 737; 738; 739; 740; 741; 742; 743; 744; 745; 746; 747 и 748 со вкупна површина од 80 52 17м^2, опишани во поседовен лист 230 за КО Сараќино, во корист на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3779/1
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

996.

Врз основа на член 12, став 2, алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ НА КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКАТА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на Корисник на Технолошката индустриска развојна зона бр.УО 95/1 од 7.06.2007 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на 18.04 и 23.04.2007 година и на 7.06.2007 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3435/2
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

997.

Врз основа на член 12, став 2, алинеја 8 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ НА ОСНОВАЧОТ НА ТЕХНОЛОШКАТА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на Основачот на Технолошката индустриска развојна зона бр.УО 94/1 од 7.06.2007 година, донесен од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на 18.04 и 23.04.2007 година и на 7.06.2007 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3435/1
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

998.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА СИЛОСИТЕ ЗА ЖИТО ВО ПРИЛЕП

Член 1

Со оваа одлука се пренесува правото на користење на силосите за жито лоцирани во Прилеп на ул. Кичевски пат бб, на КП 5725, евидентирани на Имотен лист бр.4174, ИЛ бр.5078 и ИЛ бр.5080 КО Варош – Прилеп, од Бирото за стоковни резерви на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, без надомест на неопределено време.

Член 2

Се задолжуваат Министерството за финансии – Биро за стоковни резерви и Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, комисиски да извршат примопредавање на силосите од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3699/1
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

999.

Врз основа на член 36, став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), а во врска со член 8 од Законот за буџети („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕН ПРЕТСТАВНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КОМИТЕТОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА НА СУКЦЕСИЈАТА

1. За овластен претставник на Република Македонија во Комитетот за финансиски прашања на сукцесијата се именува д-р Снежана Костадиноска-Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3629/1
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1000.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 6 јуни 2007 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 5-а став 1 во делот „во објектите кои се оддалечени од претшколските и школските воспитно-образовни установи на растојание помало од 50 м.“ од Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/1995, 70/2003, 29/2004 и 37/2005).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод иницијативата поднесена од Т.П. "Жани", Т.П. "Андромеди", Т.П. "Ева Трејд" и ДОО "Фине" сите од Велес, со Решение У.бр.39/2006 од 18 април 2007 година, поведе постапка за оценување на уставноста на членот од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со членот 55 од Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според член 5-а став 1 од Законот за заштита од пушењето се забранува продажба на цигари во објектите кои се оддалечени од претшколските и школските воспитно-образовни установи на растојание помало од 50 метри и во објектите кои се сместени во спортско рекреативните површини.

Во ставот 2 од членот 5-а од истиот закон се предвидува дека се забранува продажба на тутунски производи на парче (по цигара), продажба преку автомати, места за самоуслужување, како и продажба по нарачка.

5. Членот 42 од Уставот на Република Македонија, кој влегува во глава II (Втора) со наслов "Основни слободи и права на човекот и граѓанинот", оддел 2 со поднаслов "Економски, социјални и културни права" утврдува дека Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.

Согласно членот 43 од Уставот, секој човек има право на здрава животна средина.

Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Согласно член 55 од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Во членот 1 од Законот за заштита од пушењето, се предвидува дека со овој Закон се уредува заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и други производи од тутун врз граѓаните, зачувувањето на здрава животна средина, забрана на пушењето во одредени јавни простории и забрана за рекламирање на цигарите.

Според членот 5 од Законот се забранува продажба на цигари и тутун на лица помлади од 18 години.

Оспорениот член 5-а став 1 од Законот ја регулира забраната на продажба на цигари во објектите кои се оддалечени од претшколските и школските воспитно-образовни установи на растојание помало од 50 метри и во објектите кои се сместени во спортско-рекреативните површини.

Факт е дека забраната на продажба на цигари во објектите предвидени во оспорената законска норма претставува ограничување, односно попречување на правото на слобода на пазарот и претприемништвото. Факт е, исто така, дека целта на тоа ограничување е заштита на здравјето на малолетните лица како јавен интерес и дека таа преставува легитимна цел.

Преминувајќи на теренот на балансирање на поединечниот и јавниот интерес, треба да се одговори на прашањето дали изрекувањето на овој вид на мерка е неопходно до тој степен, заради зачувувањето на здравјето на луѓето, односно на малолетниците што би го оправдало ограничувањето на пазарот, односно правото на слобода на пазарот и претприемништвото. Според Судот, изрекувањето на ваквата мерка како што е предвидено во сега оспорената законска норма, не е неопходно ниту вистински служи за постигнување на легитимната цел за заштита на децата, од причина што од целината на Законот за заштита од пушењето произлегува дека законодавецот веќе со изречената генерална мерка во членот 5 од Законот за забрана на продажба на цигари и тутун на лица помлади од 18 години во прометот на мало ја постигнал својата уставна обврска за заштита на здравјето кај младата популација (децата). Со тоа, ефектот и целта на Законот е постигнат со генералната забрана изречена во членот 5 од Законот, поради што дополнителното ограничување на продажбата на цигари како што е содржано во оспорената законска одредба е прекумерно и непотребно и се појавува исклучиво како економско ограничување и попречување на правото на слобода на пазарот и претприемништвото. Оттука, ограничувањето во оспорената одредба не може да го положи тестот на пропорционалност со легитимната цел, при што не е постигнат фер баланс помеѓу индивидуалниот и јавниот интерес.

Оспорената одредба според Судот не е јасна од причина што од неа не може да се утврди на кој начин се пресметува растојанието помало од 50 метри. Дали пресметувањето на растојанието се врши од објектот или пак од оградата на објектот, односно кој градежен поим ја опфаќа претшколската или школската образовна установа. Потоа, апсурдно е да се усвои како законска претпоставка дека деца од претшколска возраст се популација што додека се во градинка купуваат цигари. Судот притоа не навлегува во анализа на прашањето за ефикасноста на 50 м. оддалеченост, што само би го засилило сознанието дека таа мерка не постигнува ништо, освен едностранo ограничување на економската активност.

Во прилог на тоа дека е потребно балансирање на интересите е и фактот што во делот на преодните одредби од Законот, законодавецот водел сметка и оставил време за адаптација на новиот режим така што примената на новиот режим ја одложил до јуни 2005 година со што всушност ги балансира заемните интереси - заштита на луѓето и јавното здравје и правото на слобода на пазарот и претприемништвото.

Врз основа на наведеното, според Судот, не постои оправданост на мерката содржана во оспорената законска одредба во услови кога законодавецот има на располагање други ефикасни мерки, како што е генерална забрана за продажба на цигари и тутун на лица помлади од 18 години, предвидена во Законот, поради што оспорениот дел од одредбата не е во согласност со едно од основните права од областа на економските односи гарантирано во член 55 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Махмут Јусуфи и судиите д-р Трендафил Ивановски, Лилјана Ингилизова-Ристова, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.39/2006
6 јуни 2007 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
Махмут Јусуфи, с.р.

1001.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 6 јуни 2007 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за донесување на измените на дел од Генералниот урбанистички план за крајбрежно подрачје - секција Црн Дрим Струга бр.07-443/43, донесена од Советот на општината на 19 јуни 2001 година и објавена во „Службен гласник на општината Струга“ бр.6/2001.

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

4. Уставниот суд на Република Македонија, со Решение У.бр.195/2006 од 4 април 2007 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на одлуката со Уставот и законот.

5. Судот на седницата утврди дека Одлуката за донесување на измените на Генералниот урбанистички план за крајбрежно подрачје - секција Црн Дрим - Струга е донесена од Советот на Општина Струга под бр.07-443/43 од 19 јуни 2001 година.

Според член 1 од оспорената Одлука, со неа се донесуваат измените на Генералниот урбанистички план за крајбрежно подрачје - секција Црн Дрим - Струга.

Според членот 2 од Одлуката, Генералниот урбанистички план содржи: Текстуален дел/книга, Графички дел, Стручна ревизија, Одговор на стручна ревизија, Извештај од стручна расправа.

Според член 3 од Одлуката извештајот од стручната расправа ќе биде составен дел на оваа Одлука.

Во член 4 од оспорената Одлука е утврдено дека предмет на измена на дел од ГУП за крајбрежно подрачје - секција Црн Дрим - Струга ги опфаќа следните граници:

- од југ патот Р-419 и мостот (Мороишта) на реката Црн Дрим,
- од исток реката Црн Дрим во должина од 1000 м.,
- од запад дел до регионалниот пат Р-418 во должина од околу 1000 м.,
- од север реката Шум од мостот на истата до вливот во реката Црн Дрим во должина од околу 100 м.

Овој простор е со неправилна издолжена форма во правец север - југ со површина од 6,9 ха.

Според член 5 од Одлуката Генералниот урбанистички план ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски подрачна единица - Струга, по добивање на Согласноста издадена од страна на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија.

Според член 6 од Одлуката Генералниот урбанистички план се заверува со печат и потпис од страна на изготвувачот и потпис и печат од Претседавачот и Советот на општина Струга, а во членот 7 од Одлуката е утврдено дека таа влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струга“.

6. Во членот 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Условите и начинот на системот на просторното и урбанистичкото планирање, видовите и содржината на плановите, изработувањето и постапката за донесување на плановите, спроведувањето на плановите и следењето на реализацијата на плановите, надзорот и други прашања од областа на просторното и урбанистичкото планирање се уредени со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2005).

Во Главата VI Преодни и завршни одредби на овој закон, во членот 80 е утврдено дека постапката за донесување урбанистички планови започната пред денот на примената на овој закон (1 јули 2005 година), ќе продолжи според одредбите на Законот кој бил во сила на денот на нивното отпочнување, доколку урбанистичкиот план ја помине фазата на стручна расправа или фазата на јавна анкета и јавна презентација.

Имајќи го предвид изнесеното, анализата на правната и фактичката состојба во однос на постапката за донесување на оспорената одлука, Судот ја изврши во однос на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002) кој бил во сила во времето на отпочнувањето на постапката за донесување на оспорената Одлука.

Генералниот урбанистички план според членот 10 став 1 од Законот, се донесува за подрачје на населено место, стопански комплекс и за други подрачја предвидени за градба. Според ставот 2 на овој член од Законот, генералниот урбанистички план содржи синтезен графички приказ на планските решенија во границата на урбаното подрачје со билансни показатели за урбаните единици и блокови и за инфраструктурата. Синтезниот графички приказ содржи: граница на урбаното подрачје, намена на земјиштето на урбаните блокови, решенија на генерални видови и објекти на сообраќајна и друга инфраструктура. Билансните показатели содржат: податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно со соодветните стандарди и нормативи. Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со просторниот план.

Според ставот 3 на овој член од Законот, документацијата на генералниот урбанистички план за постојната состојба и проекциите претставува документациона основа на планот, која заедно со нацртот на планот се доставува на стручна ревизија според членот 19 на овој закон.

Според членот 17 став 1 од Законот плановите од член 7 на овој закон се изработуваат како нацрт и предлог на план. Според ставот 2 на овој член од Законот, по нацртот на просторниот план на Републиката, просторните планови на регион, национален парк, Град Скопје и на општината, генералниот урбанистички

план, се организира стручна расправа, со учество на претставници на органите и организациите од подрачјето опфатено со планот. Во ставот 5 на овој член од Законот е утврдено дека стручната расправа по просторниот план на општина и на Град Скопје и по генералниот урбанистички план, како и јавната анкета по деталниот урбанистички план и урбанистичка документација за населено место во општина, ги организира општината, односно градот Скопје.

Согласно ставот 7 на овој член, одлука за организирање на јавна анкета по нацрт детален урбанистички план и урбанистичка документација за населено место во општината донесува градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје по утврдување на нацртот на планот од страна на општинската администрација. Според ставот 8 од овој член како и институциите особено од областа на заштитата на спомениците на културата, во текот на изработката на плановите од членот 7 на овој Закон, доставуваат свои барања со предлог на мерки и режим на планирање и уредување на просторот.

Според член 18 од Законот, јавната анкета по генералниот урбанистички план ја организира општината и се спроведува со излагање на планот на јавно место најмалку 10 дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, доставуваат писмени забелешки на анкетни листови до организаторот на анкетата. За времето и местото каде ќе биде изложен планот задолжително се објавува соопштение во јавните гласила.

Согласно членот 19 став 1 од Законот, на нацртот на плановите од член 7 од овој закон, пред организирањето на стручната расправа, односно јавната анкета, се врши стручна ревизија. Според ставот 2 на овој член стручната ревизија на урбанистичките планови според програмата од членот 13 на овој закон ја врши стручна научна институција или комисија што ја определува, односно формира министерот надлежен за работите за уредување на просторот.

Согласно член 20 став 1 од овој закон, измените и дополнувањата на плановите се вршат по иста постапка пропишана за нивното донесување, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Според член 22 став 6 и 7 и член 23 од овој закон, урбанистичките планови се донесуваат по издавањето согласност од Министерството надлежно за работите на урбанизмот.

Имајќи ги предвид изнесените законски одредби и утврдената фактичка сотојба врз основа на доставената документација, Судот утврди дека постапката за донесување на Одлуката за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план за крајбрежното подрачје - секција Црн Дрим - Струга бр.07-443/43 од 19 јуни 2001 година, донесена од Советот на општина Струга не е спроведена согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Имено, од одговорот на Советот на општината произлегува дека се потврдуваат наводите во иницијативата дека измените на Генералниот урбанистички план не биле истакнати во зградата на општината за време на одржувањето на јавната анкета, како и тоа дека извештајот за неприфатените, односно прифатените забелешки од јавната анкета не бил доставен до Советот на општината на седницата при донесувањето на оспорената одлука што е спротивно на цитираните одредби од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Исто така, имајќи ја предвид одредбата од член 8 став 1 алинеја 10 од Уставот од која произлегува дека при уредување и хуманизација на просторот се бара почитување на законски прописи кои се однесуваат и на заштита и унапредување на животната средина и на природата, според Судот во постапката за донесување на урбанистички планови општините Охрид, Струга, Ресен и Дојран, треба да ги почитуваат и одредбите од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро со кои овие езера како добро од општ интерес се споменици на природата и се под посебна заштита.

Согласно член 1 од Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро нивните води, крајбрежија, извори и водотеци, поради карактеристичните одбележја и природни убавини, геолошки, геоморфолошки, хидролошки, хидробиолошки, лимнолошки и други научни вредности, културно, естетско, образовно-воспитно, здравствено, рекреативно, туристичко и друго стопанско значење се прогласени за споменици на природата од особено значење за општествената заедница и се стават под посебна заштита.

За заштита на езерата како добра од општ интерес кои се користат за задоволување на општи и поединечни потреби, Законот предвидел низа превентивни и други мерки за заштита. Меѓу другите, во членот 7 став 1 алинеја 5 од Законот, се предвидува дека заради заштита на езерата се забранува внесување во езерата непречистени отпадни води од населените места и индустриските објекти.

Во членот 9 став 1 од Законот се предвидува дека градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежјата на езерата можат да се изведуваат само под услови и на начин утврдени со просторните планови на регионите, просторните планови на општините: Охрид, Струга, Ресен и Дојран, урбанистичките планови на населените места и урбанистичките планови на подрачјата со специјална намена, како и со прописите за спроведување на овие планови.

Согласно став 2 на членот 9 од истиот закон, плановите од став 1 на овој член се донесуваат по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Од анализата на наведените законски одредби произлегува дека езерата се споменици на природата од особено значење за општествената заедница и се под посебна заштита и истите не смеат да се загадуваат, меѓу другото, и со внесување на непречистена отпадна вода од населените места поради што произлегува и обврската при донесување на урбанистичките планови кои предвидуваат градежни, хидромелиоративни, хортикултурни или други работи на крајбрежијата на езерата, претходно да се прибави мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Имајќи предвид дека во конкретниот случај Советот на општина Струга во постапката која претходела на донесување на оспорената Одлука за изменување на Генералниот урбанистички план не побарал мислење од органот надлежен за заштита на природните реткости, Судот утврди дека таа не е во согласност со Уставот и Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 и 2 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Махмут Јусуфи и судиите д-р Трендафил Ивановски, Лилјана Ингилизова-Ристова, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.195/2006
6 јуни 2007 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
Махмут Јусуфи, с.р.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1002.

Врз основа на член 31 и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 103 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИОТ И РЕГУЛАТОРНИОТ ТРЕТМАН НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА ВРЗ ОСНОВА НА НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања.

2. Во смисла на оваа одлука, под преземени средства се подразбираат сите материјални средства (имот во земјиште, згради, опрема и слично) и други вредности кои се преземени врз основа на ненаплатени побарувања, со исклучок на преземените хартии од вредност и удели.

3. Одредено средство се смета за преземено во моментот на стекнување правен основ за запишување на сопственоста, кој се смета како датум на преземање на средството.

Во период од три месеци по датумот на преземање на средството, надлежен орган на банката, согласно со интерните акти на банката, треба да донесе одлука за продажба и план за продажба на преземеното средство кој ги содржи најмалку следните елементи: продажна цена, дозволено отстапување од продажната цена, начин на продажба и период за реализирање на продажбата, како и да предвиди активности за наоѓање купувач.

4. Управниот одбор на банката е должен до Надзорниот одбор да доставува извештаи за износот и видот на преземените средства, преземените активности за нивна продажба и статусот на реализирање на плановите за продажба и/или промените во плановите за продажба на преземените средства, како и за износот на продадените преземени средства, најмалку на квартална основа.

II. ПОЧЕТНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА

5. На датумот на преземање, преземеното средство се признава во билансите на банката по почетната сметководствена вредност.

Почетната сметководствена вредност е помалиот износ од проценетата вредност, намалена за очекуваните трошоци за продажба кои ќе паднат на товар на банката и набавната вредност на преземеното средство.

Проценетата вредност се определува од страна на овластен проценител. Банката е должна да обезбеди проценка на преземеното средство на датумот на преземање на средството.

По исклучок на став 3 од оваа точка, за преземени средства чија вредност е помала од 1.000.000 денари, проценетата вредност може да биде определена и од друго лице овластено со закон.

Трошоците за продажба се трошоци кои се директно поврзани со продажбата, како на пример нотарски трошоци, даноци и слично.

Набавната вредност е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правниот основ за стекнување право на сопственост.

6. Во случај кога проценетата вредност на преземеното средство е помала од набавната вредност, банката е должна да прикаже загуба за оштетување во билансот на успех, во висина на разликата помеѓу двете вредности.

III. ПОСЛЕДОВАТЕЛНО МЕРЕЊЕ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА

7. Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, банката е должна да обезбеди проценка на вредноста на преземеното средство извршена од страна на тројца овластени проценители, од кои најмалку двајца се надворешни проценители кои не се вработени во банката.

За потребите на последователно мерење на преземените средства, како проценета вредност се смета износот на најниската проценка извршена согласно со став 1 од оваа точка.

По исклучок на став 1 од оваа точка, банката може да обезбеди проценка на вредноста на преземеното средство од само еден овластен проценител, доколку почетната сметководствена вредност на преземеното средство намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување, не надминува 2.000.000 денари.

8. Доколку согласно со извршената проценка од точка 7 од оваа одлука, проценетата вредност намалена за трошоците за продажба е пониска од износот на почетната сметководствена вредност намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување, банката е должна во билансот на успех да признае дополнителен износ на загуба за оштетување, до износот на проценетата вредност.

Во периодот помеѓу две проценки на вредноста на преземеното средство, согласно со член 7 од оваа одлука, банката ќе признае во билансот на успех дополнителен износ на загуба за оштетување до износот на објавената намалена продажна цена на преземеното средство.

Доколку согласно со извршената проценка од точка 7 од оваа одлука, проценетата вредност намалена за трошоците за продажба е повисока од износот на почетната сметководствена вредност намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување, банката не смее да ја признае оваа разлика во билансот на успех.

9. Доколку банката не успее да го продаде преземеното средство во период од 5 години по датумот на преземање, должна е да изврши целосен отпис на тоа средство, односно неговата вредност да ја сведе на нула.

IV. МЕРЕЊЕ НА ЗАТЕКНАТИТЕ ПРЕЗЕМЕНИ СРЕДСТВА

10. Со влегувањето во сила на оваа одлука, банката е должна за затекнатите преземени средства да обезбеди проценка на вредноста на преземеното средство, согласно со точка 7 од оваа одлука, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Пониските износ помеѓу проценетата вредност на преземеното средство и вредноста по која е евидентирано преземеното средство до датумот на влегување во сила на оваа одлука, ја претставува почетната сметководствена вредност на затекнатите преземени средства.

Доколку проценетата вредност е пониска од вредноста по која е евидентирано преземеното средство до датумот на влегување во сила на оваа одлука, банката е должна во билансот на успех да признае загуба за оштетување до износот на проценетата вредност.

11. Банката е должна да врши последователно мерење на затекнатите преземени средства согласно со глава III од оваа одлука, при што како датум на преземање на затекнатите средства се смета датумот на влегување во сила на оваа одлука.

V. РЕГУЛАТОРЕН ТРЕТМАН

12. При утврдување на лимитите од член 78 од Законот за банките, се зема предвид нето-вредноста на преземените средства.

Нето-вредноста на преземеното средство ја претставува почетната сметководствена вредност, намалена за вкупниот износ на загуба за оштетување.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

13. Народна банка на Република Македонија може да пропише Упатство за спроведување на оваа одлука.

14. Одредбите од оваа одлука што се однесуваат на банките се применуваат и на штедилниците во Република Македонија.

15. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, кога престанува да важи Одлуката за методологијата за издвојување посебна резерва за потенцијални загуби од преземени средства по основ на ненаплатени побарувања („Службен весник на РМ“ бр. 80/2006).

О.бр.02-15/ VI-1/2007
20 јуни 2007 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

_____

1003.

Врз основа на член член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 172 став 1 и 8 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат условите и начинот на работа на штедилниците во Република Македонија, од аспект на:

- применатa на супервизорските стандарди кои се однесуваат на лимитите на изложеност;
- извршувањето банкарски активности - одобрување кредити и прибирање депозити и
- вложувањата.

II. ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ И ИЗЛОЖЕНОСТ НА ШТЕДИЛНИЦА

2. Изложеноста спрема лице и со него поврзани лица не смее да надмине 10% од сопствените средства на штедилницата.

Изложеноста спрема акционер, односно содружник со квалификувано учество во штедилницата и со него поврзаните лица не смее да надмине 5% од сопствените средства на штедилницата.

Изложеноста спрема лице со посебни права и одговорности и со него поврзаните лица не смее да надмине 3% од сопствените средства на штедилницата.

Вкупната изложеност кон лицата од ставовите 2 и 3 од оваа точка не смее да надмине 65% од сопствените средства на штедилницата.

Вкупната изложеност спрема банки и штедилници не смее да надмине 30% од сопствените средства на штедилницата.

3. Изложеноста спрема лицата од точка 2 ставови 2 и 3 од оваа одлука се одобрува врз основа на одлука на орган на надзор или Собрание, односно Собир на содружници на штедилницата.

Условите под кои се одобруваат кредити, се прибираат депозити и се вршат други финансиски трансакции со лицата од точка 2 ставови 2 и 3 од оваа одлука, при еднакво ниво на ризик утврден во согласност со супервизорските стандарди, не смеат да бидат поповолни од условите што се применуваат за другите комитенти на штедилницата.

4. Штедилницата е должна да има пишана политика за управување со кредитниот ризик и процедури за начинот на одобрување кредити, кои треба да содржат одредби најмалку за:

- анализа на кредитната способност на комитентот;
- начин на пресметка на камата;
- евиденција на кредитите и каматата;
- следење на кредитите;
- одредување на надлежности на лицата кои ја извршуваат оваа активност, притоа почитувајќи го принципот на сегрегација на должности;
- следење на поврзани лица;
- опис на основните карактеристики на секој производ;
- дефинирање на прифатливо ниво на концентрација на изложеност (по поединечен комитент, категорија на комитенти, дејност, вид на обезбедување и слично);
- видови обезбедување кои се сметаат како прифатливи за покривање на кредитниот ризик.

III. ВЛОЖУВАЊА НА ШТЕДИЛНИЦА

5. Штедилницата не смее да се стекне со земјиште, згради и опрема кои не ги користи за извршување на своите активности, како и со капитални делови во други субјекти, освен оние стекнати врз основа на ненаплатени побарувања.

Имотот на штедилницата во земјиште, згради и опрема не смее да надмине 30% од сопствените средства на штедилницата.

Во рамките на лимитот од став 2 од оваа точка не се вклучува имотот во земјиште, згради и опрема стекнат врз основа на ненаплатени побарувања, а кои штедилницата не ги користи за извршување на своите функции и капиталните делови стекнати врз основа на ненаплатени побарувања.

Имотот и капиталните делови стекнати врз основа на ненаплатени побарувања, штедилницата е должна да ги продаде во рок од три години од нивното стекнување. Во спротивно, истите се вклучуваат во лимитот од ставот 2 од оваа точка.

6. Штедилницата е должна да има пишана политика и процедури кои треба да се однесуваат на процесот на преземањето и продажбата на имотот стекнат врз основа на ненаплатени побарувања.

IV. ПРИБИРАЊЕ ДЕПОЗИТИ

7. Штедилницата може да прибира депозити од физички лица најмногу до износ кој не смее да го надмине двојниот износ на нејзините сопствени средства.

Штедилницата е должна на сите свои уплатни-исплатни места да истакне список на прибраните депозити по број на партија, износ на депозитот, датум на вложување, рок на вложување и каматна стапка.

Списокот од став 2 од оваа точка, штедилницата е должна да го истакне најдоцна до 5-ти во месецот, за состојба на крајот на претходниот месец.

Во заглавието на овој список задолжително стои следниот текст:

„Ова е единствен список на депозити во оваа штедилница, кој е пријавен во Фондот за осигурување на депозити и Народна банка на Република Македонија. “

Штедилницата е должна на сите свои уплатни-исплатни места да истакне соопштение дека не прибира девизни депозити.

Внесување на невистинита содржина во списокот од став 1 на оваа точка или невнесување на податоци за депозитна партија претставува кривично дело - фалсификување на службена исправа.

8. Штедилницата е должна да има пишана политика и процедури со кои се регулира најмалку начинот на прибирање, евиденција и исплата на депозитите, пресметка на каматата и сегрегација на должностите.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9. Штедилниците се должни да се усогласат со одредбите на оваа одлука во рок од дванаесет месеци од денот на нејзиното влегување во сила.

10. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

11. Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на обемот и начинот на работење на штедилниците („Службен весник на РМ“ бр. 111/2000, 80/2002 и 66/2003).

О.бр.02-15/ VI-2/2007
20 јуни 2007 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

_____

1004.

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/06 и 129/06) и член 8 и член 11 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на РМ“ бр. 77/03 и 54/07), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА И СОГЛАСНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ И УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ПОМЕЃУ ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ И СУБАГЕНТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.Со оваа одлука се пропишуваат видот и начинот на доставување на потребната документација и податоци за добивање дозвола и согласност за вршење на услуги брз трансфер на пари, постапката за нивно оценување и контрола од страна на Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка) и условите за склучување на договор за вршење на услуга брз трансфер на пари помеѓу давател на услуга брз трансфер на пари и субагент.

II. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА, НАЧИН НА НЕЈЗИНО ДОСТАВУВАЊЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА И СОГЛАСНОСТ

2. Трговското друштво за да добие дозвола за вршење на услуга брз трансфер на пари и банка за да добие претходна согласност да врши услуга брз трансфер на пари, до Народна банка доставува комплетно барање.

А. ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА И СОГЛАСНОСТ ЗА УВИД ВО ЗАПИСНИК

3. Потребната документација за исполнување на условите за добивање дозвола за вршење услуга брз трансфер на пари:

3.1. извод од регистарот на трговски друштва не постар од шест месеци како доказ дека друштвото е регистрирано за вршење дејност помошни активности во финансиското посредување;

3.2. За соодветен деловен простор, техничка опременост и информативен систем:

а) доказ за сопственост или договор за закуп за просторијата во која ќе се врши услугата брз трансфер на пари;

б) решение од Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат за исполнување на условите за вршење на дејност;

в) решение од Министерство за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд за исполнување на мерките, нормативите и стандардите за заштита при работа за вршење на дејноста;

г) писмено известување за обезбедена одделна просторија за вршење на услуга брз трансфер на пари ако трговското друштво се занимава и со друга дејност;

д) писмено известување за број на телефон - телефакс;

ѓ) писмено известување за компјутерска опременост за вршење на услуга брз трансфер на пари со можност за поврзување со Народна банка;

3.3. За заштита и обезбедување на парични средства, имотот и вработените:

а) полиса за осигурување од можна штета (кражба, пожар и сл.) на просторијата во која се врши услуга брз трансфер на пари;

б) полиса за осигурување на паричните средства од штета што може да настане по основ на фалсификувани банкноти;

в) писмено известување за монтиран алармен систем или непробојно стакло и заграден пулт;

г) писмено известување за обезбедено каса за безбедно чување на готовина која ќе се користи исклучиво за потребите за вршење на услуги брз трансфер на пари;

3.4. Политика за сигурност на информативниот систем која треба да содржи најмалку:

а) одредби за пропивпожарен,пропивпровален и систем за превенција од поплава во системска сала;

б) стратегија за заштита на податоците согласно законските обврски;

в) клаузули за неоткривање на информации во договорите помеѓу давателот на услуга и субагентите;

г) начинот на вршење контрола на квалитетот на техничката опременост на субагентите од страна на давателот на услуга брз трансфер на пари и начинот на користење на опремата која се наоѓа на страната на субагентот;

3.5. Политики и процедури за прием и дистрибуција на готовината во односите со банките и субагентите кои треба да содржат најмалку:

а) начинот и условите за прием, подигање и внесување на готовината од и на посебните сметки за уплати и исплати по основ на брз трансфер на пари отворени кај овластени банки за платен промет со странство како од страна на давателот на услуга брз трансфер на пари така и од страна на субагентите;

б) овластени лица кои ќе можат да располагаат со средствата од посебните сметки како за давателот на услуга брз трансфер на пари така и за субагентите;

в) начинот на известување и порамнување помеѓу давателот на услуга брз трансфер на пари и субагентите за примената, подигнатата односно внесената готовина од и на посебните сметки по основ на извршени трансакции брз трансфер на пари;

г) начинот на порамнување на готовината помеѓу давателот на услуга брз трансфер на пари и субагентите за извршените трансакции брз трансфер на пари доколку субагент е банка која од Народна банка добила дозвола за вршење платен промет со странство;

3.6. Писмени докази дека одговорното лице има високо образование и најмалку три години работно искуство во областа на финансиското работење;

3.7. Писмен доказ од надлежни органи дека против одговорното лице и вработените кои ќе ги извршуваат услугите брз трансфер на пари не е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

Народна банка, по службена должност, од Министерството за внатрешни работи обезбедува доказ дека против одговорното лице во правното лице и вработени-

те кои ќе ги извршуваат услугите брз трансфер на пари не е изречена односно е изречена правосилна судска пресуда за кривично дело од областа на финансиите.

Одговорното лице и вработените кои ќе ги извршуваат услугите брз трансфер на пари кои се странци документите од став 1 и 2 на оваа точка се должни да ги обезбедат од надлежен орган во нивната матична земја.

3.8. Писмен доказ дека вработените во трговското друштво кои ќе ги вршат услугите брз трансфер на пари имаат најмалку средно образование;

3.9. Писмено известување за податоците за идентитетот (место и адреса на раѓање, место и адреса на живеење, единствениот матичен број на граѓаните и број на лична карта) и кратка биографија за образованието и искуството на одговорните лица и на вработените кои ќе ги извршуваат услугите брз трансфер на пари наведени во барањето, со прилог фотокопија од нивните лични карти;

3.10. Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија издадени од надлежни органи, за странски физички лица кои ќе бидат одговорни во давателите на услуга брз трансфер на пари или ќе ги извршуваат услугите брз трансфер на пари;

По комплетирање на целокупната документација, по оценка на Народна банка се одржува интервју со одговорното лице на трговското друштво на кое се оценуваат: неговиот интегритет, познавање на прописите од областа на финансиите и прописите поврзани со брзиот трансфер на пари.

3.11. Писмен доказ од овластена банка за вршење платен промет со странство дека на девизната трансакциска сметка има депозит од најмалку 100.000 евра или писмен доказ дека на денарската тековна сметка има денарски депозит во противвредност од најмалку 100.000 евра;

3.12. Писмен доказ од надлежен орган дека не е отворена стечајна постапка или не е воведена ликвидациона постапка;

3.13. Договор за овластување за вршење услуга брз трансфер на пари со овластен глобален систем.

4. Акти, документи и податоци кои се приложуваат кон барањето се:

4.1. Правилникот за работа задолжително треба да ја содржи организациската поставеност на друштвото, пишана процедура и образложение на кој начин ќе се извршува услугата брз трансфер на пари, начин на контролирање на ризиците во работењето, начинот на воспоставување системи за внатрешна контрола, постоење на организациони, технички и безбедносни стандарди за успешно и сигурно извршување на услугата брз трансфер на пари;

4.2. Програма за спречување на перење на пари во која децидно се наброени мерките и дејствијата кои ќе се превземаат за откривање и спречување на перење на пари при вршење на услугата брз трансфер на пари, со кои се овозможува:

а) да се утврди идентитетот на клиентот пред секоја трансакција;

б) трансакциите на износ поголеми од 2.500,00 евра во денарска противвредност да се евидентираат по хронолошки редослед во нумериран регистар потпишан од одговорното лице на друштвото, кој се чува најмалку десет години од последниот заведен податок;

в) именување на одговорни лица кои ќе се грижат за спроведување на програмата;

г) да се имплементира листата на индикатори за препознавање на сомнителните трансакции;

д) да се врши следење на трансакциите, собирање, чување и доставување на податоците до Дирекцијата за спречување на перење на пари согласно со Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело;

е) соработка и начин на известување на Дирекцијата за спречување на перење пари.

Програмата за спречување на перење пари треба да биде одобрена од Бирото за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

4.3. Писмено известување со податоци за седиштето на трговското друштво, матичен, даночен број и адреса на местото каде што ќе ја врши услугата брз трансфер на пари;

4.4. Потврда од Управата за јавни приходи дека нема ненамирени обврски врз основа на јавните давачки;

4.5. Позитивно мислење за бонитетот од Централниот регистар, за трговски друштва кои работат подолго од шест месеци;

4.6. Примерок од ревизорските извештаи, за последните две години за овластениот глобален систем за електронски трансфер на пари изработен од меѓународно призната ревизорска куќа;

4.7. Доказ од надлежен орган на соодветната земја дека глобалниот систем е правен субјект кој врши електронски трансфер на пари согласно со прописите во земјата во која е регистриран и дека е функционален во најмалку 100 земји.

5. Народна банка врши надзор на работењето на давателите на услуги брз трансфер на пари и по потреба на субагентите.

За извршениот надзор се изготвува записник.

Записникот од извршениот надзор претставува службена тајна на Народна банка и давателот на услуга, односно субагентот се должни да ја чуваат. Давателот на услуга, односно субагентот можат да ја цитираат или на друг начин да ја наведат содржината на записникот на трети лица само по добивање на писмена согласност од Народна банка.

Б. ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ

6. Банка со дозвола за основање и работење од Народна банка за да добие согласност за вршење услуги брз трансфер на пари, до Народна банка доставува барање со кое се прилага:

а) договор со овластен глобален систем за електронски трансфер на пари;

б) доказ дека глобалниот систем е правен субјект кој врши електронски трансфер на пари согласно со прописите во земјата во која е регистриран и дека е функционален во најмалку 100 земји;

в) ревизорски извештаи за последните две години за овластениот глобален систем за електронски трансфер на пари изработен од меѓународна призната ревизорска куќа;

г) политики и процедури за прием и дистридуција на готовината во односите со субагентите кои треба да содржат:

- начинот на снабдување со готовина на субагентите од страна на банката како давател на услуга брз трансфер на пари;
- начинот на враќање на готовината од страна на субагентите кај банката како давател на услуга брз трансфер на пари;
- начинот на порамнување на готовината помеѓу банката како давател на услуга брз трансфер на пари и субагентите за извршените трансакции брз трансфер на пари;
- овластени лица на субагентите кои ќе можат да ја подигаат и враќаат готовината од односно во банката како давател на услуга брз трансфер на пари;

д) адреса на просториите во кои ќе се извршува брзиот трансфер на пари.

III. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОСТАПКА ЗА НЕЈЗИНА ОЦЕНКА

7. Народна банка разгледува комплетно барање за издавање дозвола од точка 2 и за издавање на согласност од точка 6 од оваа одлука.

Под комплетно барање се подразбира барање кон кое е приложена документацијата согласно Одлуката, дополнителната документација која ќе ја побара Народна банка, како и документацијата која Народна банка ја обезбедува по службена должност.

8. Документацијата кон барањето треба да биде доставена во оргинал или заверена фотокопија од страна на овластено лице (нотар), а доколку не е напишана на македонски јазик, треба да биде доставена во превод извршен од страна на овластен судски преведувач.

9. Кон барањето трговското друштво, односно банката се должни да достават податоци за овластено лице за контакт со Народна банка (име, презиме, телефонски број и број на телефакс) и доказ за платена тарифа согласно Одлуката за единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши Народна банка.

10. По добивање на комплетното барање Народна банка врши оценка на доставената документација и податоци од точките 3, 4 и 6 од оваа одлука и врши непосреден увид за исполнување на условите од точките 3 и 4.

11. Народна банка може да побара допрецизирање на веќе доставената документација или доставување на дополнителна документација.

12. Давателот на услугата брз трансфер на пари е должен да поднесе барање за добивање на претходна согласност за секоја промена во документацијата, информациите и податоците од точките 3 и 4, освен документацијата предвидена во точка 4.4, 4.5 и 4.6 и за промена на документацијата, информациите и податоците од точка 6 став 1 под а), б), г) и д) на оваа одлука.

IV. ДРУГИ ОБВРСКИ ЗА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ ПОВРЗАНИ СО ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА

13. Со добивањето на дозволата или (алтернатива: , односно) согласноста за вршење на услуга брз трансфер на пари давателот на услуга брз трансфер на пари добива и писмен белег - налепница, за секоја просторија во која ќе се врши услуга брз трансфер на пари со натпис "исполнети услови за вршење на услуги брз трансфер на пари".

Давателот на услуга брз трансфер на пари е должен писмениот белег - налепница да го истакне на видно место во просторијата за вршење на услуга брз трансфер на пари и да стави натпис "брз трансфер на пари" на македонски и на еден од светските јазици.

14. По добивање на дозволата давателот на услуга брз трансфер на пари, освен банките кои од Народна банка добиле согласност за вршење платен промет со странство, е должен да отвори посебни сметки кај домашни банки овластени за платен промет со странство преку кои ќе се вршат уплатите и исплатите по основ на брз трансфер на пари и на истите да депонира износ од најмалку 100.000 евра .

Доколку депозитот на давателот на услуга брз трансфер на пари е во денари, овластената банка на денот на отворање на посебната сметка од став 1 на оваа точка ќе му обезбеди девизи со купување на девизен пазар.

Давателот на услуга брз трансфер на пари е должен да достави известување до Народна банка за називот и седиштето на банките во кои се отворени посебните сметките и да достави доказ за износот на депонираните средства во рок од пет работни дена од денот на отворање на сметката.

15. За секоја уплата и исплата на ефективни странски пари задолжително се издава писмен документ - потврда, согласно стандардите на секој глобален систем за електронски трансфер на пари.

Давателот на услуга брз трансфер на пари треба да добие согласност на формата и содржината на потврдата од став 1 на оваа точка од Народна банка на Република Македонија.

Основни елементи кои задолжително треба да ги содржи писмениот документ - потврда се следните:

- вид на валута и износ
- податоци за примачот (име и презиме, адреса, единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта или пасош и др.)
- податоци за испраќачот (име и презиме, адреса, единствен матичен број на граѓанинот, број на лична карта или пасош и др.)
- контролен број
- дата на трансферот
- потпис на клиентот и давателот на услугата брз трансфер на пари
- износ на провизија за услугата.

16. Давателот на услуга брз трансфер на пари, по добивањето на дозволата и согласноста за вршење на услуга брз трансфер, писмениот белег од Народна банка и отварањето на сметката кај овластената банка, е должен да отпочне со работа во рок триесет дена.

17. Давателот на услугата брз трансфер на пари е должен документацијата по основ на извршени услуги брз трансфер на пари од последните 3 (три) месеци да ја чува во просториите каде што се врши услугата брз трансфер на пари.

Одредбите на оваа точка не се однесуваат за банки кои добиле претходна согласност од Народна банка за вршење на услуги брз трансфер на пари.

V. УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР СО СУБАГЕНТ

18. Давателот на услуга брз трансфер на пари за да склучи договор со трговско друштво, освен со банка, за вршење на услуги брз трансфер на пари како субагент, задолжително треба да изврши непосредна и посредна контрола во врска со исполнувањето на одредбите од член 12 од Законот и да ја побара соодветната документација, акти и податоци предвидени во точка 3 под 3.1, 3.2, 3.3, 3.7, 3.8, 3.9, 3.10 и 3.12 и од точка 4 под 4.1, 4.2, 4.3, 4.4 и 4.5 од оваа одлука.

Трговското друштво, освен банка за да склучи договор со давателот на услуга брз трансфер на пари треба да има овластување од давателот на услуга брз трансфер на пари за работа со посебната сметка преку која ќе се вршат уплатите и исплатите по основ на брз трансвер на пари.

Договорот кој го склучува давателот на услуга брз трансфер на пари со субагентот задолжително треба да ги содржи и податоците од точка 3 под 3.1 и 3.9 и од точка 4 под 4. 3, 4. 4 и 4.5 и точка 6 став 1 под д) од оваа Одлука и податокот за овластувањето од став 2 на оваа точка.

Договорот кој го склучува давателот на услуга брз трансфер на пари со субагентот задолжително треба да содржи и одредба со која субагентот се обврзува да користи писмен документ - потврда за секоја уплата и исплата на ефективни странски пари за која давателот на услуга брз трансфер на пари добил согласност од Народна банка.

19. Субагентот е должен веднаш да го извести давателот на услуга брз трансфер на пари за секоја промена на условите и документите од точка 18 на оваа одлука.

20. Давателот на услуга брз трансфер на пари е должен веднаш да го раскине договорот со субагентот кој престанал да ги исполнува условите или направил промени во однос на задолжителните податоци содржани во договорот, од точка 18 на оваа одлука.

21. Давателот на услуга брз трансфер на пари е должен да ја извести Народна банка за секое склучување или раскинување на договорот за извршување на услуги брз трансфер на пари со поединечни субагенти, како и за сите промени кај субагентот на податоците од точка 18 на оваа одлука во рок од 5 (пет) работни дена од денот кога се случила промената.

Кон известувањето задолжително се приложува и примерок од договорот, и фотокопија од личните карти на одговорното лице на субагентот и лицата кои ќе ги вршат услугите брз трансфер на пари, доколку промените се однесуваат за нив.

22. Народна банка писмено го известува давателот на услуга брз трансфер на пари дека склучениот договор со субагентот е евидентиран односно не е евидентиран во Регистарот на даватели на услуги брз трансфер на пари во рок од триесет дена од денот на комплетирање на документацијата по доставениот договорот до Народна банка.

23. Давателот на услуга брз трансфер на пари добива писмен белег-налепница со натпис "исполнети услови за вршење на услуги брз трансфер на пари", за секој субагент, за секоја просторија во која ќе се врши услугата брз трансфер на пари, откако договорот ќе се евидентира во регистарот на даватели на услуги брз трансфер на пари.

Субагентот е должен писмениот белег - налепница да го истакне на видно место во просторијата за вршење на услуга брз трансфер на пари и да стави натпис "брз трансфер на пари" на македонски и на еден од светските јазици.

Субагентот е должен да започне со работа во рок од петнаесет дена од денот на запишување во Регистарот на даватели на услуги брз трансфер на пари.

24. Субагентот е должен примерок од договорот склучен со давателот на услуга брз трансфер на пари и документацијата потребна за склучување на тој договор да ги чува во секое време во просторијата за вршење на услуга брз трансфер на пари.

Во просторијата за вршење на услуга брз трансфер на пари субагентот е должен да ја чува и документацијата по основ на извршени услуги брз трансфер на пари од последните 3(три) месеци .

Одредбите од оваа точка не се однесуваат кога субагент е банка.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

25. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

26. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за добивање на дозвола за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на РМ" бр. 4/04 и 30/04).

О.бр.02-15/VI-3/2007
20 јуни 2007 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

1005.

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 3/02 51/03, 85/03, 40/04, 61/06 и 129/06) и член 21 став 4 од Законот за вршење на услуга брз трансфер на пари („Службен весник на РМ" бр. 77/03 и 54/07), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СЕКОЈА ТРАНСАКЦИЈА НА БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука, се пропишува начинот на водење на евиденцијата за трансакциите на брз трансфер на пари.

II. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА

2. Единствена евиденција за секоја трансакција на брз трансфер на пари водат давателите на услуги брз трансфер на пари, со исклучок на банка која од Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народна банка) добила согласност за вршење на платен промет со странство, и субагент.

3. Давателот на услуга брз трансфер на пари, освен банка која од Народна банка добила согласност за вршење на платен промет со странство,како и субагентот е должен единствената евиденција да ја води дневно на образец 1БТП кој е составен дел на оваа одлука.

4. Во рубриките на овој образец се внесуваат следните податоци:

1) матичниот број на давателот на услугата брз трансфер на пари односно субагентот;

2) називот на давателот на услугата брз трансфер на пари односно субагентот;

3) точната адреса на местото на кое се врши услугата брз трансфер на пари и телефонскиот број;

4) почетна состојба во благајната по валути. Износот на почетната состојба мора да е еднаков на износот на крајната состојба од претходниот ден по валути;

5) износот на ефективните странски пари по валути подигнати од посебната сметка кај овластената банка или примени од давател на услуга брз трансфер на пари - банка која од Народна банка добила согласност за вршење на платен промет со странство.

6) колона 1: редниот број на трансакцијата за тој ден;

колона 2: контролниот бројот со кој е евидентирана трансакцијата во глобалниот систем за електронски трансфер на пари;

колона 3: ознаката на валутата во која се врши исплатата односно уплатата;

колона 4: име и презиме на физичкото лице кое ги користи услугите брз трансфер на пари

колона 5: единствениот матичен број на граѓанинот доколку се работи за домашно физичко лице односно бројот на пасошот доколку се работи за странско физичко лице;

колона 6: износот на ефективните странски пари кои се исплатуваат на физичкото лице;

колона 7: износот на ефективните странски пари кои ги уплатува физичкото лице;

колона 8: износот на наплатената провизијата за извршената услуга во денари;

7) износот на ефективните странски пари по валути положени на посебната сметка кај овластена банка или предадени на давател на услуга брз трансфер на пари - банка која од Народна банка добила согласност за вршење на платен промет со странство.

8) крајната состојба во благајната по валути. Износот на крајната состојба мора да е еднаков на збирот на износите од рубриките 4, 5 и 6 колона 7 намален за износот од рубриката 6 колона 6 и износот од рубрика 7.

5. Давателот на услуга брз трансфер на пари и субагентот се должни да водат посебен нумериран регистар, потпишан од одговорното лице на друштвото, за секоја трансакција која вклучува сума поголема од 2.500,00 евра во денарска противредност во кој податоците ќе се евидентираат по хронолошки редослед.

Нумерираниот регистар треба да ги содржи следните податоци (полиња):

- реден број (кој треба да биде хронолошки);
- датум на трансакцијата;
- име и презиме на физичкото лице кое ја извршило трансакцијата;
- ЕМБ или број на пасош (за нерезиденти)
- вид на валута;
- износ во валута;
- износ во денари и
- поле за потпис на одговорното лице на друштвото.

Регистар на трансакции во износи поголеми од 2.500 евра

Матичен бр. на давател на услуга/субагент:	Име на давател на услуга/субагент:	Адреса на просторијата во која се врши брзиот трансфер на пари:

Ред. бр.	Датум	Име и презиме на физичкото лице	ЕМБ или бр. на пасош	Вид на валута	Износ во валута	Износ во денари
1	2	3	4	5	6	7
Име, презиме и потпис на одговорното лице во правното лице:						

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на водење на евиденцијата за секоја трансакција на брз трансфер на пари („Службен весник на РМ“ бр. 4/04 и 61/04).

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О.бр.02-15/VI-4/2007
20 јуни 2007 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

1БТП - Образец за водење на евиденција на трансакциите на брз трансфер на пари на ден: _____

1. Матичен број на давател на услуга/ субагент:	2.Назив на давател на услуга/ субагент:	3.Адреса на местото на кое се врши услугата брз трансфер на пари: Тел.бр.
4. Почетна состојба во благајната по валути:		
5.Подигната ефективa од посебната сметка кај овластена банка или примени од давател на услуга брз трансфер на пари - банка, по валути:		

6. Ред. број	Контролен број на трансакцијата	Ознака на валута	Име и презиме на физичкото лице	ЕМБ или број на пасош	Износ на исплата	Износ на уплата	Провизија во денари
1	2	3	4	5	6	7	8
				Вкупно по валути:			

7.Положена ефективa на сметка кај овластена банка или предадена на давател на услуга брз трансфер на пари - банка, по валути:
8.Крајна состојба во благајната по валути:
9.Име, презиме и потпис на лицето кое ги врши услугите брз трансфер на пари:
10.Име, презиме и потпис на одговорното лице во правното лице:

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1006.

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 63/06 од 23.05.2006 година), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 25.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 30,360
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	до 30,443
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	до 30,657
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	до 31,713

б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	до 28,845
- Д-Е III	до 29,487

в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	до 29,471

г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	до 18,598
- М-2	до 18,576

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 70,00
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	до 66,50
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	до 67,00
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	до 68,00

б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	до 53,00
- Д-Е III	до 53,50

в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	до 43,00

г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	до 22,595
- М-2	до 22,569

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
МБ - 96 (ПРЕМИУМ)	69,50	69,00	68,50
БМБ - 91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	66,00	65,50	65,00
БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	66,50	66,00	65,50
БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	67,50	67,00	66,50
Д - ДИЗЕЛ	52,50	52,00	51,50
Д-Е III	53,00	52,50	52,00
Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО	42,50	42,00	41,50

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	0,150
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	0,080
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	0,080
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	0,080

б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	0,030
- Д-Е III	0,030

в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	0,040

г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	0,050
- М-2	0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	25,112
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	22,133
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	22,343
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	22,135

б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	12,340
- Д-Е III	12,121

в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	3,230

г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	0,100
- М-2	0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед. мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
МБ - 96 (ПРЕМИУМ)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
БМБ - 91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
БМБ- 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕ Н СУПЕР)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Д - ДИЗЕЛ	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Д-Е III	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕЛ - ЕКСТРА ЛЕСНО	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М - 1	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400
МАЗУТ М - 2	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 26.06.2007 година.

Бр. 02-977/1
25 јуни 2007 година
Скопје

Претседател,
Славе Ивановски, с.р.

1007.

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 63/2006 и 36/2007), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 25 јуни 2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство и трговија со електрична енергија ВЕСТИНГ ЕЛЕКТРИК ДООЕЛ – Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија" кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02- 983/1
25 јуни 2007 година
Скопје

Претседател,
Славе Ивановски, с.р.

Прилог 1

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштвото за производство и трговија со електрична енергија ВЕСТИНГ ЕЛЕКТРИК ДООЕЛ – Скопје ул. Козле бр. 1Б, 1000 Скопје, Република Македонија

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Трговија со електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата:
25 јуни 2007 година

4. Период на важење на лиценцата:
10 години

5. Датум до кога важи лиценцата:
25 јуни 2017 година

6. Евидентен број на издадената лиценца:
ЕЕ- 16.10.1/07

7. Број на деловниот субјект - 6199542

8. Единствен даночен број - 4030007625392

9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

Како трговија со електрична енергија, во смисла на оваа лиценца се смета купување на електрична енергија произведена во Република Македонија или во странство, заради натамошна продажба на носителот на лиценца за снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо, квалификуваните потрошувачи, други трговци или извоз.

10. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста:

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен или дистрибутивен капацитет.

11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

12. Општи обврски за носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија на носителот на лиценца за снабдување на тарифни потрошувачи на големо и квалификуваните потрошувачи во согласност со склучените договори;
- обезбеди доволен преносен или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со применливата тарифа, пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција, за количините на електрична енергија кои се обврзал да ги испорача;
- обезбеди исполнување на условите за квалитет на електрична енергија која што ја испорачува, согласно со пропишаните норми за квалитетот и склучените договори;
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- ги почитува мрежните и пазарните правила и техничките нормативи и стандарди за работа на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија;
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен :

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи податоци за количините и субјектите од кои е набавена и количините и субјектите на кои е продадена електричната енергија во текот на извештајната година, за секој месец поодделно.

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста до Регулаторната комисија за енергетика

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за набавените и испорачаните количини на електрична енергија согласно купопродажните договори склучени со носителот на лиценцата за снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо и квалификуваните потрошувачи, согласно Табела 1, која е составен дел на оваа лиценца.
- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.
- други податоци во врска со вршењето на дејноста.

16. Обврска за овозможување на пристап до објектите и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

17. Изменување и дополнување на лиценцата

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

ПРИЛОГ: ТАБЕЛА 1 - ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Корисник	Испорачани количини во текот на месецот			Испорачани количини од почетокот на годината	
Снабдувач со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо	Планирано согласно договор	Реализирано	Реализирано	Планирано согласно договор	Реализирано
		Количина (kWh)	Цена (ден/kWh)		Количина (kWh)
Квалификуван потрошувач					

1008.

Врз основа на член 19, став 1, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/2006 и 36/2007), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 25 јуни 2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На ВЕРБУНД – Тргувач со Електрична Енергија Македонија ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата во вршењето на енергетската дејност трговија со електрична енергија се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија“ кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-986/1
25 јуни 2007 година
Скопје

Претседател,
Славе Ивановски, с.р.

Прилог 1

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

ВЕРБУНД – Тргувач со Електрична Енергија Македонија ДООЕЛ Скопје ул. Орце Николов бр. 99, 1000 Скопје, Република Македонија

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Трговија со електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата:
25 јуни 2007 година

4. Период на важење на лиценцата:
10 години

5. Датум до кога важи лиценцата:
25 јуни 2017 година

6. Евидентен број на издадената лиценца:
ЕЕ- 17.10.1/07

7. Број на деловниот субјект - 6215092

8. Единствен даночен број - 4030007630736

9. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност трговија со електрична енергија.

Како трговија со електрична енергија, во смисла на оваа лиценца се смета купување на електрична енергија произведена во Република Македонија или во странство, заради натамошна продажба на носителот на лиценца за снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо, квалификуваните потрошувачи, други трговци или извоз.

10. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста:

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен или дистрибутивен капацитет.

11. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Енергетската дејност трговија со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

12. Општи обврски за носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија на носителот на лиценца за снабдување на тарифни потрошувачи на големо и квалификуваните потрошувачи во согласност со склучените договори;
- обезбеди доволен преносен или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со применливата тарифа, пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција, за количините на електрична енергија кои се обврзал да ги испорача;
- обезбеди исполнување на условите за квалитет на електрична енергија која што ја испорачува, согласно со пропишаните норми за квалитетот и склучените договори;
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- ги почитува мрежните и пазарните правила и техничките нормативи и стандарди за работа на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија;
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен :

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи податоци за количините и субјектите од кои е набавена и количините и субјектите на кои е продадена електричната енергија во текот на извештајната година, за секој месец поодделно.

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста до Регулаторната комисија за енергетика

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за набавените и испорачаните количини на електрична енергија согласно купопродажните договори склучени со носителот на лиценцата за снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо и квалификуваните потрошувачи, согласно Табела 1, која е составен дел на оваа лиценца.
- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на дејноста.
- други податоци во врска со вршењето на дејноста.

16. Обврска за овозможување на пристап до објектите и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

17. Изменување и дополнување на лиценцата

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши исклучиво во согласност со одредбите од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности.

ПРИЛОГ: ТАБЕЛА 1 - ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Корисник	Испорачани количини во текот на месецот			Испорачани количини од почетокот на годината	
Снабдувач со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо	Планирано согласно договор	Реализирано	Реализирано	Планирано согласно договор	Реализирано
		Количина (kWh)	Цена (ден/kWh)		Количина (kWh)
Квалификуван потрошувач					

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ:

CD-ROM изданија

1) Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година.....600,00 денари

2) Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година.....3.400,00 денари

Цените се со пресметан ДДВ.

П О Р А Ч К А БР. 79

Со ова неотповикливо порачуваме:
CD-ROM изданија:
1) Поединечни CD-ROM изданија во _____ примероци за _____ година;
2) Комплет во _____ примероци (2001 _____; 2002 _____; 2003 _____; 2004 _____, 2005 _____ и DVD за 2006 година _____примероци).

Доказот за извршена уплата и порачката ги испраќаме по пошта.

Порачател: _____

Место: _____, **ул.** _____, **бр.** _____, **тел./факс** _____

Моб. _____

Потпис на порачателот

Во _____, _____**2007 година.** **(М.П.)** _____

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622

2007079